Прилог 2. Преглед на мислења по членови од ЗЗФ со предлог амандмани

Целта на овој преглед е да даде детален опис и оценка на одредбите од предлог-Законот за здруженија и фондации. Секој од членовите во предлог законот е оценет со квалитативна оценка, очекуваните подобрување, предлог амандмани каде што има потреба и приоритетот во однос на потребата од промени.[1]

ГЛАВА I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Член 2

Одредбите на овој закон не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони.

1.1.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Јасно разграничување во однос на други облици на здружување уредени со посебни закони. Во претходниот период во регистрите на здруженија и фондации се регистрираа и други облици на здружување што создаваше проблем во толкувањето.

2. Значење на изразите употребени во овој закон

Член 3

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Организација" е секое здружение, фондација, сојуз и организационите облици на странска организација, регистрирани согласно одредбите на овој закон;

2. „Дејност" е активност класифицирана според националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот:

3. „Акт за основање" е актот со кој се основа организацијата;

4. „Имот" на организација се сите, сопственички и други стварни права што организацијата ги стекнува над движните и недвижни ствари и правата кои основачите ги вложиле во организацијата и кои организацијата ги стекнала со своето работење;

5. „Статут" е акт со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата;

6. „Статусни промени" означуваат присоединување, спојување и поделба на организацијата на начин и услови определени со овој закон;

7. „Други акти" се акти со кои се уредуваат односите што не се уредени со актот за основање или со статутот (правилник, одлука, деловник, програма и други акти);

8. „Орган за надзор" е органот (надзорен одбор, комисија за ревизија или контролор) чии работи се поврзани со надзорот над работењето на организацијата;

9. „Имотна маса" се пари, ствари и/или права кои основачот, ги отстапува и пренесува на фондацијата во постапката на основање;

10. „Застапник" е лице или орган во организацијата (застапник на здружение, директор на фондација, или орган определен со статут) чии права, овластувања и одговорности се поврзани со раководењето на организацијата и застапувањето на организацијата во согласност со закон;

11. „Одлучување без присуство" е начин преку кој членовите на органите се изјаснуваат, без одржување седница на органот или без присуство на член на органот, а

[1] За повеќе детали на користената методологија види Прилог 5.

преку телефонска конференција, потпишување на актот или на друг начин уреден со статутот на организацијата;

12. „Заверена изјава/согласност” е акт чиј потпис е заверен кај нотар;

13. „Лице” е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;

14. „Странска организација” во смисла на овој закон е странско или меѓународно здружение, фондација или друг облик на организација основана за остварување на заедничка цел која не е за стекнување добивка, и е основана во согласност со правниот систем на странската држава.

15. „Странско физичко лице” е лице кое има живеалиште или престојувалиште во Република Македонија.

15. „Организација со статус од јавен интерес” е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со овој закон;

16. „Судир на интереси” подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата со приватниот интерес на лицето кое има овластувања и должности, во кои приватниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата; и

17. „Цел” на организацијата е проектиран резултат или состојба која организацијата треба да ја постигне.

1.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Значаен чекор во градење на заедничко разбирање на клучните поими за здруженија и фондации.

1.2.2. Амандман:

Алинеја 5 се дополнува со „највисок акт на организацијата“ и гласи: „„Статут” е највисок акт на организацијата со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата“.

Алинеја 7 се дополнува со: „Другите акти, ако организацијата ги донесе, мора да бидат во согласност со закон и статутот. Одредбите на друг акт на организацијата кои се спротивни на статутот се ништовни.”

Во алинеја 15 се исправа набројувањето.

Алинеја 15 се брише.

Членот 3 се дополнува со нов став (2): кој гласи: *„(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: „само” или „освен” не е исклучена множината или еднината.“*

Новиот член 3 гласи:

2.Значење на изразите употребени во овој закон

Член 3

1. „Организација” е секое здружение, фондација, сојуз и организационите облици на странска организација, регистрирани согласно одредбите на овој закон;

2. „Дејност” е активност класифицирана според националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот:

3. „Акт за основање” е актот со кој се основа организацијата;

4. „Имот” на организација се сите, сопственички и други стварни права што организацијата ги стекнува над движните и недвижни ствари и правата кои основачите ги вложиле во организацијата и кои организацијата ги стекнала со своето работење;

5. „Статут” е највисок акт на организацијата со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата“;

6. „Статусни промени” означуваат присоединување, спојување и поделба на организацијата на начин и услови определени со овој закон;

7. „Други акти” се акти со кои се уредуваат односите што не се уредени со актот за основање или со статутот (правилник, одлука, деловник, програма и други акти. Другите акти, ако организацијата ги донесе, мора да бидат во согласност со закон и статутот. Одредбите на друг акт на организацијата кои се спротивни на статутот се ништовни.

8. „Орган за надзор" е органот (надзорен одбор, комисија за ревизија или контролор) чии работи се поврзани со надзорот над работењето на организацијата;

9. „Имотна маса" се пари, ствари и/или права кои основачот, ги отстапува и пренесува на фондацијата во постапката на основање;

10. „Застапник" е лице или орган во организацијата (застапник на здружение, директор на фондација, или орган определен со статут) чии права, овластувања и одговорности се поврзани со раководењето на организацијата и застапувањето на организацијата во согласност со закон;

11. „Одлучување без присуство" е начин преку кој членовите на органите се изјаснуваат, без одржување седница на органот или без присуство на член на органот, а преку телефонска конференција, потпишување на актот или на друг начин уреден со статутот на организацијата;

12. „Заверена изјава/согласност" е акт чиј потпис е заверен кај нотар;

13. „Лице" е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;

14. „Странска организација" во смисла на овој закон е странско или меѓународно здружение, фондација или друг облик на организација основана за остварување на заедничка цел која не е за стекнување добивка, и е основана во согласност со правниот систем на странската држава.

15. „Организација со статус од јавен интерес" е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со овој закон;

16. „Судир на интереси" подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата со приватниот интерес на лицето кое има овластувања и должности, во кои приватниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата; и

17. „Цел" на организацијата е проектиран резултат или состојба која организацијата треба да ја постигне.

(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: „само" или „освен" не е исклучена множината или еднината."

Образложение: *Со дополнувањето на алинејата 5 и 7 се воспоставува јасна хиерархија во односот закон – статут – други акти. Промената би придонела кон доброто управување и транспарентноста. Набројувањето на алинеја 15 се повторува двапати. Терминот „Странско физичко лице" не се употребува понатаму во законот и затоа нема потреба да се утврдува значењето.*

Во законот се употребуваат еднина и множина како здружение/ија, основач/чи итн. Со додавањето на став (2) ќе се олесни толкувањето и примената на законот. Ваков став е употребуван и во друг закон во земјава.

Приоритет: **Умерен**.

3. Право на здружување

Член 4

(1) Правото на слободно здружување се остварува преку здружување на здруженија, фондации, сојузи и организационите облици на странски организации (во натамошниот текст организации) за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.

(2) Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица.

1.3.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

1.3.2. Амандман:

Во став (1) се заменува „на" со „во" (здружување во здруженија...).

Новиот член 4 гласи:

3. Право на здружување

Член 4

(1) Правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организационите облици на странски организации (во натамошниот текст организации) за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.

(2) Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица.

Образложение: *Со употребата на „на" се изменува намерата од здружување во здруженија, во здружување на здруженија. Законот уредува здружување на лица во здруженија, а не здружување на облиците. Здружувањето на облиците, организациите се уредува во член 5.*

Приоритет: **Висок.**

4. Здружување на организации

Член 5

(1) Две или повеќе здруженија или фондации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да има својство на правно лице, да се регистрира во согласност со овој закон.

(2) Сојузите и другите форми на здружување можат да членуваат или да соработуваат во меѓународни организации и здруженија.

(3) Здруженијата или фондациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, а не се регистрирани во согласност со овој закон, со здружувањето не го губат својството на правно лице.

1.4.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Проширување на слободата на здружување. Вклучувањето на сојузите придонесува кон проширување на слобода на здружување. Со претходниот закон членството во меѓународни организации требаше да се регистрира, што е дополнителна товар и пречка во остварување на здружувањето.

1.4.2. Амандман:

Во став (1) делот од реченицата „да се регистрира во согласно со овој закон" се заменува со „да се регистрира и делува во согласност со одредбите за здруженија од овој закон".

Во став (1) да се додаде сврзник „и" меѓу претпоследниот и последниот дел од реченицата.

Во став (2) делот од реченицата „сојузи и другите форми на здружување" се менува со „здруженијата, фондациите и сојузите".

Во став (3), се брише делот од реченицата „а не се регистрирани во согласност со овој закон".

Новиот член 5 гласи:

4. Здружување на организации

Член 5

(1) Две или повеќе здруженија или фондации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да има својство на правно лице и да се регистрира и делува во согласност со одредбите за здруженија од овој закон.

(2) Здруженијата, фондациите и сојузите можат да членуваат или да соработуваат во меѓународни организации и здруженија.

(3) Здруженијата или фондациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, со здружувањето не го губат својството на правно лице.

Образложение: *Во овој закон нема одредби за процедурата на регистрација и управување на сојузите. Тоа може да предизвика нејасност во тој дел. Со измената формулација се посочува дека за сојузите ќе се применуваат одредбите со кои се уредуваат здруженија.*

Постоечката формулација во став (2) не е доволно јасна дека правото за членство во меѓународни организации се однесува и на здруженија и фондации.

Намерата на став (3), е да ја утврди разликата меѓу здружување и статусни промени (присоединување, спојување..). При здружувањето нема промена на правниот статус на здружените организации, додека при статусните промени има промена на правниот статус на вклучените организации. Делот од ставот кој се предлага за бришење е нејасен во однос на намерата на ставот (3).

Приоритет: **Висок**.

5. Стекнување својство на правно лице (правен субјективитет)

Член 6

(1) Организациите се стекнуваат со својство на правно лице со уписот во регистарот што го води Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) Здруженијата и фондациите не можат да се трансформираат во други видови на правни лица.

1.5.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Проширување на слободата на здружување. Со овој член индиректно се овозможува неформално здружување, бидејќи ги раздвојува организациите од нивниот правен статус, што води кон проширување на слободата на здружување. Во постоечкиот ЗЗГФ постоеше обврска за регистрација на организациите, како и прекршочна казна, што претставува ограничување на слобода на здружување.

6. Време на дејствување на организацијата и олеснување

Член 7

(1) Ако со актот за основање, односно со статутот е определено времето на дејствување на организацијата, по истекот на времето за кое е основана организацијата се брише од Регистарот.

(2) Организациите со статус од јавен интерес имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.

1.6.1. Оценка: Незадоволителна

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

1.6.2. Амандман

Ставовите (1) и (2) се раздвојуваат во посебни членови.

Ставот (1) се заменува со нов став (1) кој гласи: „Ако со актот за основање, односно со статутот не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време.“

Ставот (2) станува посебен член во поглавје 7 „Средства за работа на организациите“ како нов член 49а или нов став во член 49 – средства од буџетите, кој гласи „Организациите имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.“

Новиот член 7 гласи:

6. Време на дејствување на организацијата

Член 7

Ако со актот за основање, односно со статутот не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време.

Образложение: *Раздвојувањето на ставовите (1) и (2) е потребно бидејќи уредуваат различни прашања. Со алинеја 4, од став (1) од член 63 е уреден престанокот на организација чие време за основање утврдено со статут е изминато. Исто така постапката за бришење од регистар е предвидена со член 72. Намерата на новиот член*

е да утврди дека основањето може да биде на одредено и неодредено време и ако со статутот не е предвидено времето се смета дека основањето е на неодредено време.

Во однос на ставот (2) даночните и царински олеснувања се облици на индиректно финансирање. Согласно на тоа треба да се дел од поглавјето 7 каде се уредуваат средствата на организациите, како нов член 50 или како нов став во член 48 - извори на финансирање. Исто така во членот треба да се избрише „со статус од јавен интерес“, бидејќи овие олеснувања се однесуваат на сите организации, што е стекнато право со претходниот закон, а за организациите со статус од јавен се предвидени дополнителни ослободувања кои се уредени со член 88 – олеснувања.

Приоритет: **Висок.**

7. Име на организацијата

Член 8

(1) Секоја организација регистрирана според одредбите на овој закон има име и скратено име ако тоа е предвидено со статутот и е запишано во Регистарот.

(2) Името и скратеното име на организацијата јасно се разликуваат од имињата на другите организации кои се запишани во Регистарот.

(3) Во името на:

- здружението е содржан зборот здружение, или друг израз со слично значење определен со статутот на здружението;
- сојузот е содржан зборот сојуз или друг израз со слично значење определен со статутот на сојузот;
- фондацијата е содржан зборот фондација или друг израз со слично значење определен со статутот на фондацијата.

(4) За прашањата за името кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредува име на фирма на трговско друштво.

1.7.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Задржани се начелно решенијата од постоечкиот ЗЗФГ со дополнение во став 3 со кој се предвидува појаснување на правната форма во самото име на организацијата, а со став 4 во случај не целосно уредени прашања се упатува на законот со кој се уредува име на фирма на трговско друштво.

8. Употреба на зборот ,,Македонија” или име на единица на локална самоуправа

Член 9

(1) Зборот ,,Македонија” и зборовите изведени од него како и неговите кратенки, може да се содржани во името на организацијата само со одобрение на Министерството за правда.

(2) Ако во името на организацијата се содржани зборови со името на општината односно градот Скопје, одобрение дава надлежниот орган на општината, на општините во градот Скопје и градот Скопје.

1.8.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Покрај Министерството за правда како одговорно за доделување на одобрување за името „Македонија“, се предлага децентрализирано одлучување во однос на имињата на локалните самоуправи и градот Скопје.

ГЛАВА II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

1. Независност

Член 10

Организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.

2.1.1.Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување. Проширување на слободата на здружување.

2.1.2. Амандман

На почетокот на членот да се дополни со „Здружувањето се заснова на слободна волја на основачите и доброволно учество на членовите и нивната самоуправа, односно ...“

Новиот член 10 гласи:

1. Независност

Член 10

Здружувањето се заснова на слободна волја на основачите и доброволно учество на членовите и нивната самоуправа, односно организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.

Образложение: *Со тоа се нагласува дека клучно за граѓанското општество е слободната волја и доброволното учество. Исто така се гради разбирање дека организациите засновани на задолжително членство (на пр. комората) не се дел од организациите.*

Приоритет: **Умерен**.

2. Јавност и транспарентност

Член 11

(1) Работата на организацијата е јавна.

(2) Јавноста на работењето на организацијата се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со статутот на организацијата.

2.2.1 Оценка. Добра

Очекувано подобрување. Зголемена транспарентност.

2.2.2 Амандман.

Ставот (2) се менува и гласи: „Со статутот на организациите се определува начинот на обезбедување и остварување на јавност во нивната работа“.

Новиот член 11 гласи:

2. Јавност и транспарентност

Член 11

(1) Работата на организацијата е јавна.

(2) Со статутот на организациите се определува начинот на обезбедување и остварување на јавност во нивната работа.

Образложение: *Потребно е да се појасни дека начинот на остварување на јавноста на организациите треба да биде предвидена во статутите на организациите, а објавувањето на статутите и други акти дека не е единствениот начин за искажување на јавноста на работењето.*

Приоритет: **Умерен**.

3. Непрофитност

Член 12

(1) Организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка.

(2) Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот.

(2) Ако во работењето на организациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот.

(3) Остварената добивка од ставот (3) на овој член, не може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членови на органите, директорите, вработените или било кое друго со нив поврзано лице.

2.3.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање ресурси. Најчесто критикуваната одредба од постоечкиот Закон за здруженија на граѓани и фондации која се однесуваше на забраната на организациите да се занимаваат со економски активности е надмината со оваа одредба. Како и праксата во скоро сите земји во Европа со ова се дозволува организациите да остваруваат приходи, но истите мора да бидат искористени за целите на организацијата утврдени со статутот. Ваквото решение придонесува кон одржливост на граѓанскиот сектор, бидејќи во зависност од земјата од една третина до една половина од приходите на граѓанските организации се остваруваат комерцијални активности. Воедно внимава и го задржува начелото на непрофитност на организациите. Можноста да се основа ТД (според постоечкиот ЗЗГФ) не се уредува во овој закон бидејќи секој може да основа ТД согласно закон.

4. Непартиско делување

Член 13

(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.

(2) Како активност на политичка партија во смисла на ставот (1) на овој член се подразбираат учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

2.4.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗФ. Со овој член се појаснува дека не може да се финансира политичка партија и не може да се влијае на избори, при што има дополнително појаснување на значењето на „влијание на избори“.

Забелешка: Во постоечкиот ЗЗГФ во член 3 се уредува забраната за политичка активност „Здруженијата на граѓани и фондациите не можат да вршат **политички активности** или да го користат својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии. Како политичка активност во смисла на ставот 1 на овој член се подразбираат директно учество изборна кампања или собирање на средства за изборна кампања и финансирање на политички партии.“ Покрај тоа во член 73 од постоечкиот ЗЗГФ се предвидени највисоки прекршочни казни, вклучувајќи забрана на дејност: „Со парична казна од 100.000 до 200.000 МКД ќе се казни за прекршок здружение на граѓани и фондација, ако го користи својот имот и средства спротивно на членовите 3 и 7 од овој закон.За прекршок од став 1 од овој член на правното лице ќе му се изрече и мерка безбедност забрана на вршење на дејност за период од една до пет години.“

Врз основа на овие одредби е изградена сегашната одредба. Ваквата ограда за непартиско делување е вообичаено во меѓународната пракса да се употребува за организации од јавен интерес. Во сегашниот степен на развој потребно е да се задржи одредено растојание помеѓу политичките партии и здруженијата. При тоа поимот „политички активности“ од постоечкиот закон е заменет со „активност на политичка партија“, што е подобар и попрецизен опис за разграничувањето

Ова одредба може да биде ограничувачка за институти регистрирани како здруженија или фондации кои работат на промоција на една идеологија (пр. Институт Павел Шатев, Институт Прогрес итн). Сепак за оваа одредба, за разлика од постоечкиот ЗЗГФ нема предвидено прекршочна одредба, што ја сведува на етичка одредба.

Од друга страна да се предупреди лесното кршење на оваа одредба можеби е потребна одредена санкција, во смисла на губење на даночни и царински олеснувања за средствата употребени спротивно на член 13. Предлог амандманот е во член ....

Повеќе информации за политички активности на граѓански организации има во прилог 5.

2.4.2. Амандман

Во став (2) делот од реченицата „активност на политичка партија“ се заменуваат со „влијание на избори“.

Ставот (2) се менува и гласи: „(2) Како влијание во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.“

Новиот член 13 гласи:

4. Непартиско делување

Член 13

(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.

(2) Како влијание во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за конкретна политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

***Образложение:** Ставот (2) не го појаснува ставот (1) „активности на политичка партија“ тука еден дел и тоа влијание на избори. Самите „активности на политичка партија“ се објаснети веќе во став (1) и тоа како „директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите“.*

Измената би обезбедила јасно толкување на влијание на избори, при што од ваквото толкување се исклучени едукација на гласачи, јавни расправа и трибини со учество на сите партии, набљудување на избори, итн.

Приоритет: **Висок**.

5. Иницијативи во јавниот живот

Член 14

Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење.

2.5.1. Оценка: Незадоволителна
Очекувано подобрување. Нема.
2.5.2. Амандман

Новиот член 14 гласи:

5. Учество во креирање политики

Член 14

Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во креирањето на јавни политики, закони и други прописи, како и да учествуваат во работата на телата за одлучување на централно и на локално ниво.

Алтернатива е целиот член да се избрише, бидејќи не утврдува прашање кое е предмет на овој закон.

***Образложение:** Предлогот за промена е во насока на концептот кој што се истакнува односно „учеството во креирање на политиките“ наспроти „иницијативи во јавниот живот“. Законодавецот во овој член треба да ја има предвид втората цел од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор – Учество на граѓанскиот сектор во креирање политики. Имено во оваа цел се вели дека „ Владата има за цел да развие систем на основни начела за вклучување на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки. Со ова, Владата ќе обезбеди гаранции дека мислењата на граѓанските организации ќе бидат разгледани и вклучени во процесите на креирање, спроведување, следење на јавните политики и дека потребите и приоритетите на граѓаните се рефлектирани во тие политики. Преку овој систем, граѓанските организации ќе учествуваат во донесување одлуки и подготовка на државни акти преку учество во јавни дискусии и поднесување мислења и ќе бидат вклучени во меѓусекторски работни групи“. Доколку таа формулација не е прифатлива, сегашната нема додаден вредност и треба да се избрише. Тоа посебно бидејќи учество во градење*

на јавно мислење е инструмент за влијание на јавни политики, и сам по себе не може да биде начело на граѓанското општество.

Приоритет: **Висок**.

ГЛАВА III. ЗДРУЖЕНИЈА

1.Основачи

Член 15

(1) Здружение можат да основаат физички и правни лица.

(2) Здружение можат да основаат најмалку пет основачи, од кои три од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.

(3) Здружение можат да основаат и малолетни лица со навршена петнаесет годишна возраст преку заверена изјава на нотар за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението , во согласност со закон.

3.1.1.Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување. Проширување на слобода на здружување. Со овие одредби се дава можност здруженија да основаат физички и правни лица, домашни и странски државјани, како и малолетни лица под определени услови што во споредба со досегашното решение кое беше ограничено само на полнолетни државјани на Република Македонија претставува директен придонес во целосно остварувањето на правото на слободно здружување.

Забелешка: Има аргументирана расправа дека на малолетниците со навршени 15 години, не им е потребна согласност од законски застапник (Стамен Филипов, прилог 4)

3.1.2.Амандман

Ставот (2) се менува и гласи: „(2) Здружение можат да основаат најмалку три основачи, од кои еден од основачите мора да има живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија“.

Новиот член 15 гласи:

1.Основачи

Член 15

(1) Здружение можат да основаат физички и правни лица.

(2) Здружение можат да основаат најмалку три основачи, од кои еден од основачите мора да има живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.

(3) Здружение можат да основаат и малолетни лица со навршена петнаесет годишна возраст со своја изјава и заверена изјава на нотар од нивниот законски застапник, за согласност за основање на здружение, во согласност со закон.

Образложение: *Потребно е бројот на основачи да се намали од пет на три лица, а само еден наместо три од нив да има живеалиште односно престојувалиште на територијата на Република Македонија. Сметаме дека Република Македонија треба да биде во чекор со праксата од регионот (види табела Преглед на законодавство стр. 5 од предлогот), особено по прашањето на задолжителноста на живеалиште и престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија на основачите. Сегашното решение кое предвидува тројца од основачите да имаат живеалиште/престојувалиште во Република Македонија е непотребно, бидејќи суштината на оваа одредба е достапноста на едно од лицата во процесот на основање односно регистрација на организацијата. Имено, основачите со чинот на основање имаат подеднакви права како и другите членови и истите може во секое време да истапат од организацијата. Затоа, во овој случај е важна достапноста на лицето кое е правен застапник на организација, а кое прашање е соодветно регулирано со членот 25 – застапник на здружението, односно застапникот треба да биде деловно способно лице со престојувалиште или живеалиште во земјава. Исто така во правниот систем на*

земјата е овозможено формирање на правни лица (трговски друштва) без обврска основачите или застапникот да имаат престојувалиште или живеалиште во земјава. Соодветно треба и уредувањето на оваа прашање да биде полиберално. Ова прашање има и економско значење, односно би овозможила регистрација на сојузи и мрежи од регионот во Македонија, што би имало позитивно економски влијание.

Приоритет: **Висок**.

2. Основање

Член 16

(1) Здружението се основа на основачко собрание.

(2) На основачкото собрание се донесува акт за основање, програма, статут и се избираат органите на здружението.

3.2.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

3. Акт за основање

Член 17

(1) Актот за основање на здружението содржи;

- име, седиште и адреса на здружението;
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот односно единствен даночен број на основачите на здружението; и
- цели на здружението;

(2) Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изрична волја на основачите.

3.3.1. Оценка: Задоволителна
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

3.3.2. Амандман

Во став (1) алинеја 2 се менува и гласи: „- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението“.

Ставот (2) се брише. Алтернатива: ставот (2) се менува и гласи: „ Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изречна волја на основачите додека трае процесот на регистрација“.

Новиот член 17 гласи:

3. Акт за основање

Член 17

(1) Актот за основање на здружението содржи;

- *име, седиште и адреса на здружението;*
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението*;*
- *цели на здружението;*

(2) Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изречна волја на основачите додека трае процесот на регистрација.

Образложение: *Соодветна е употребата на зборот „основач“ бидејќи не поставува ограничувања врз лицата кои можат да бидат основачи. Исто така треба да се употребува матичен број бидејќи сите физички и правни лица имаат матичен број.*

Основачите се еднакви со другите членови согласно со член 19 став (2) од овој предлог. Тоа е во согласност со меѓународните стандарди. Соодветно основачите по завршувањето на регистрацијата не можат да имаат повеќе права од другите членови. Актот за основање може да се менува само до регистрацијата. По тоа највисок акт на организацијата е Статутот.

Приоритет: **Висок**.

4. Статут и содржина на статутот

Член 18

(1) Здружението има статут.

(2) Со статутот на здружението се уредуваат:

- името и седиштето;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во здружението;
- права, обврски и одговорности на членовите;
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување;
- застапување по закон;
- начин на стекнување и располагање со средствата;
- начин на донесување на финансиски и други извештаи;
- начин на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начин на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начин на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начин на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението;
- знак и симбол на здружението; и
- други прашања утврдени со закон

(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:

- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и сл.), ако ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања; и
- други прашања од значење за работата на здружението.

3.4.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Намалување на товарот и пречките за остварување на слободата на здружување. Дел од содржината на статутите се предлага да биде факултативна.

3.4.2. Амандман:

Во ставот (1) помеѓу алинеја 1 и 2 се додава друга алинеја која што гласи: *„- целите на здружението“.* Алинејата 14 од став (2) се префрла како прва алинеја во став (3), се менува и гласи: „-знакот на здружението“.

Новиот член 18 гласи:

4. Статут и содржина на статутот

Член 18

(1) Здружението има статут.

(2) Со статутот на здружението се уредуваат:

- *името и седиштето;*
- *целите на здружението;*
- *дејностите со кои се остваруваат целите;*
- *начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во здружението;*
- *права, обврски и одговорности на членовите;*
- *видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување;*
- *застапување по закон;*
- *начин на стекнување и располагање со средствата;*
- *начин на донесување на финансиски и други извештаи;*
- *начин на остварување на јавност и отчетност во работата;*
- *начин на донесување, изменување и дополнување на статутот;*

- начин на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начин на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението; и
- други прашања утврдени со закон

(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:
- знакот на здружението;
- внатрешните организациони форми (подружници, огранoци и сл.), ако ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања; и
- други прашања од значење за работата на здружението.

Образложение: *Во член 91 е предвидена глоба за случаи кога организацијата врши дејност која не е во согласност со целите наведени во член 18 и 31 на предлог законот. Но во член 18 не постои одредба за наведување на целите. Поради тоа сметаме дека во статутот мора да бидат наведени целите.*

Знакот и симболот не треба да се од суштинско значење за да мора да бидат задолжителни елементи во статутот на организациите. Нивната подготовка и апликација може да предизвикаат и дополнителни финансиски трошоци.

Приоритет: **Висок**.

5.Членување во здружение

Член 19

(1) Членувањето во здружението е доброволно.

(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

(4) Малолетно лице со наполнети 14 години, а не наполнети 18 години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на нотар на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови во здружението со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со закон.

3.5.1. Оценка. Задоволителна

Очекувано подобрување: Проширување на слободата на здружување (за странски државјани). Засновано на постоечкиот ЗЗГФ (уназадување за малолетни лица).

3.5.2. Амандман

3.5.2.1. Ставот (1) се дополнува со „под еднакви услови утврдени со статутот“. Ставот (4) се брише или се менува и гласи: “Малолетно лице до четиринаесет години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на неговиот законски застапник во согласност со закон, а за малолетник со навршени четиринаесет години живот, изјава за зачленување дава малолетникот.“

Новиот членот 19 гласи:

5.Членување во здружение

Член 19

(1) Членувањето во здружението е доброволно под еднакви услови утврдени со статутот.

(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

(4) Малолетно лице до четиринаесет години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на неговиот законски застапник во согласност со закон, а за малолетник со навршени четиринаесет години живот, изјава за зачленување дава малолетникот.

(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови во здружението со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со закон.

Образложение: *Здружувањето е доброволна и за двете страни и за членот и за организацијата. Односно лице може да стане член ако ги исполнува условите одредени со статут на организацијата. Истовремено овие услови треба еднакво да се применуваат на сите лица кои сакаат да станат членови, што е основа за заштита од дискриминација. Ова е потребно и за усогласување со став 2 од член 20 од Уставот.*

Членот 21, став 2 од постоечкиот ЗЗГФ гласи: „Член на здружение на граѓани може да биде секој граѓанин државјанин на РМ, кој доброволно ќе пристапи кон здружение на начин утврден со статутот". Решението во овој предлог-закон е понеповолен од од постоечкиот и придонесува кон рестрикција на слободата на здружување. Сметаме дека на секое лице, вклучително и на малолетните лица треба да им се даде правото да членува во здружение без дополнителни условувања. Дополнителен аргумент треба да бидат и одредбите од Конвенцијата за заштита на правата на детето според кои во ставот 1 од членот 16 се вели „Државите членки го признаваат правото на детето на слободно здружување и мирно собирање." Ограничување на овие слободи се возможни само доколку „....се неопходни во демократско општество во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, јавниот поредок, заштитата на јавното здравје и морал, или заштитата на правата и слободите на другите" (став 2 од членот 16).

Приоритет: **Висок**.

6. Регистар на членови

Член 20

(1) Здружението води регистар на членови, и евиденција на членовите на органите.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години.

(3) Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

(4) Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

3.6.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

3.6.2. Амандман

Во став (4) се брише делот од реченицата *„класифицирани информации".*

Новиот членот 20 гласи:

6. Регистар на членови

Член 20

(1) Здружението води регистар на членови, и евиденција на членовите на органите.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години.

(3) Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

(4) Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Образложение: *Организациите немаат класифицирани информации.*

Приоритет: **Умерен**.

7. Управување на здружението

Член 21

Со здружението управуваат членовите непосредно или преку избраните претставници во органите на здружението.

3.7.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

8. Собрание на здружението

Член 22

(1) Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.

(2) Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.

3.8.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.
3.8.2. Амандман

По ставот (1) се додава нов став 2 кој гласи: „*Со статутот може да се утврди поинакво име на собранието".* Ставот (2) станува став (3).

Новиот член 22 гласи:

8.Собрание на здружението

Член 22

(1) Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.

(2) Со статутот може да се утврди поинакво име на собранието

(3) Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.

Образложение:

Потребна е поголема разноличност во именување на органите поради карактерот на граѓанското општество.

Приоритет: **Умерен**.

9. Надлежност на собранието

Член 23

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб-страна;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни промени на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

3.9.1.Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Намалување на товарот и пречките за остварување на слободата на здружување.
3.9.2. Амандман

Во алинеја 2 делот од реченицата „извештај за работа" се менува со зборот „деловен", додека делот од реченицата *„и го објавува на својата веб страна" се брише.*

Алинеја 3 се брише.

Новиот член 23 гласи:

9. Надлежност на собранието

Член 23

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај
- одлучува за промена на целта на здружението;
-одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни промени на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

Образложение: *Замената на делот од алинеја 2 "извештај за работа" со „деловен извештај" е поради терминолошка усогласување со другите членови. Прашањето за објавување на извештаите на веб-страна е уредено во член 53 – извештаи за работа. Прашањето од алинеја 3 да се уреди во член 49 – средства од буџетите каде може да се додаде нов став „Организациите кои добиле средства од став (1) од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа. Исто така треба да се има предвид дека Собранието може да управува односно да донесува и одобрува извештаи, не може да доставува извештаи. Дополнително доставувањето на извештаи е одговорност на застапникот (директорот) и прекршочните казни (глоби) се за одговорното лице – застапник на организацијата, а не за органите.*

Приоритет: **Висок**.

10. Работа на собранието

Член 24

(1) Собранието работи на седници.

(2) Собранието по правило седница одржува најмалку еднаш годишно, а со статутот на здружението може да се определи и рок пократок од една година за одржување на седница.

(3) Вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на здружението.

(4) Вонредната седница на собранието од ставот (3) на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

(5) Начинот на свикување на собранието, работата и донесувањето на одлуките, и одлучувањето без присуство, се уредуваат со статутот на здружението.

3.10.1. Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Заснована на постоечкиот ЗЗГФ

11. Застапник на здружението

Член 25

(1) Здружението има едно или повеќе лица, овластени за застапување на здружението (во понатамошниот текст: застапник), избран односно именуван на начин утврден со статутот.

(2) Со статутот се утврдува името на застапникот.

(3) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

(4) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.

3.11.1. Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Придонес на доброто управување.
3.11.2. Амандман
Ставот (2) се менува и гласи *„(2)Со статутот се утврдува името на органот за застапување на здружението“.*

Новиот член 25 гласи:

11.Застапник на здружението

Член 25

(1) Здружението има едно или повеќе лица, овластени за застапување на здружението (во понатамошниот текст: застапник), избран односно именуван на начин утврден со статутот.

(2) Со статутот се утврдува името на органот за застапување на здружението.

(3) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

(4) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.

***Образложение:** Во статутот може да се определи името на органот кој ќе го врши застапувањето (тоа може да биде застапник, директор, претседател, или друг назив). Формулацијата која е дадена во овој став укажува на потреба од утврдување на името на физичко лице. Тоа ќе доведе до потреба за измена на статут, при секој избор на застапник. За измена на статут е потребно двотретинско мнозинство, а за избори мнозинство. Ваквата одредба може да ја блокира работата на здружението.*

Исто така со став 3 од член 42 – запишување во регистар е предвидено да се достави одлука за избор на застапник со неговите лични податоци. Соодветно ова прашање е уредено со тој член (42).

Приоритет: **Висок**.

12. Други органи на здружението

Член 26

Со статутот на здружението може да се предвидат и други органи на здружението во согласност со закон.

3.12.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

ГЛАВА IV. ФОНДАЦИИ

1.Основање

Член 27

(1) Фондацијата е правно лице формирана за остварување на цел со стекнување и управување на имот и средства во согласност со овој закон.

(2) Фондацијата се основа со имотна маса која изнесува најмалку 10.000 ЕУР во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија, изразена во пари, хартии од вредност или друг имот на денот на поднесувањето на актот за запишување во Регистарот.

(3) Ако регистрацијата на фондацијата е утврдена со тестамент, а таа не е регистрирана, имотната маса се распределува согласно закон.

4.1.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ

Забелешка: Зголемен е износот потребен за основање од 5.000 на 10.000 ЕУР, што може да се смета како зголемен товар и пречка на слободата. Од друга страна фондацијата остварува цели преку стекнување на средства, па зголемениот износ не би требало да претставува пречка. Потребна споредбена анализа со регионални и европски искуства.

2. Основачи на фондацијата

Член 28

(1) Фондацијата ја основаат еден или повеќе основачи.

(2) Како основачи на фондацијата можат да се јават физички и правни лица.

(3) Фондацијата се основа со акт за основање или како последна волја изјавена со тестамент или легат заверен пред нотар.

4.2.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување. Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

3. Акт за основање

Член 29

(1) Актот за основање на фондацијата содржи:

- име и седиште на фондацијата;
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот или единствен даночен број на основачот на фондацијата;
- цели на фондацијата; и
- висината на имотната маса со која се основа фондацијата изразена во пари за секој основач одделно.

(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, како и за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.

(3) Актот за основање се потпишува од основачите и се заверува пред нотар.

4.3.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Зголемена транспарентност.

4.3.2. Амандман

Во став (1) алинеја 2 се менува и гласи: *„- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на фондацијата“*.

Ставот (2) се дополнува со *„вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на“* и гласи: *„(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата“.*

Новиот член 29 гласи:

3. Акт за основање

Член 29

(1) Актот за основање на фондацијата содржи:

- име и седиште на фондацијата;
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на фондацијата;
- цели на фондацијата; и
- висината на имотната маса со која се основа фондацијата изразена во пари за секој основач одделно.

(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.

(3) Актот за основање се потпишува од основачите и се заверува пред нотар.

Образложение*: *Во алинеја 2 од ставот (1) соодветна е употребата на зборот „основач“ бидејќи не поставува ограничувања врз лицата кои можат да бидат основачи. Исто така треба да се употребува матичен број бидејќи сите физички и правни лица имаат матичен број.

Намерата на ставот 2 е да се постигне транспарентност на правата на основачот во однос на органите на фондацијата. Моќта на одлучување во фондацијата треба да биде во органите на фондацијата, а правата на основачот да се ограничат на клучните стратешки прашања, надвор од раководењето. Слично е уредувањето на оваа прашање и во Бугарија (ЕФЦ, 2008).

Приоритет: **Висок**.

4. Учество во управувањето

Член 30

(1) Начинот на учеството на основачот во управувањето со фондацијата се уредуваат со статутот на фондацијата.

(2) Правото на основачот за учество во управувањето со фондацијата не може да се пренесе на неговите наследници.

4.4.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување.

Забелешка: Во земјите каде постојат приватни и јавни фондации, на приватните фондации им е овозможено наследување на правата на основачот. Во Македонија нема таква поделба. Затоа е потребен овој став, за разграничување од правни форми каде постои наследување како трговските друштва. Слично решение постои во Бугарија (ЕФЦ, 2008). Посебно бидејќи врз основа на својот статус фондациите се стекнуваат со царински и даночни ослободувања. Можна отстапка да оваа ограничување е да важи само за фондациите со статус организација од јавен интерес.

5. Статут и содржина на статутот

Член 31

(1) Фондацијата има статут.

(2) Со статутот се уредуваат:

- името и седиштето на фондацијата;
- целите на фондацијата;
- дејноста со која се остваруваат целите на фондацијата;
- внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување;
- законското застапување;
- начин на стекнување и располагање со средствата;
- начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи;
- начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата;
- начинот на донесувањето, изменување и дополнувањата на статутот;
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на фондацијата;
- постапување со средствата на фондацијата во случај на престанок на фондацијата;
- знакот и симболот на фондацијата;
- начин на донесување на планови и програми; и
- други прашања утврдени со закон.

(3) Со статутот на фондацијата може да се уреди и:

- внатрешните организациони форми на фондацијата (подружници, огранoци и сл.), ако фондацијата ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси; и
- други прашања од значење за работа и начин на разрешување на спорови на фондацијата.

(4) Со статутот на фондацијата се уредува начинот на одлучување за вршење на дејност, името, измените и дополнувањата на статутот, како и за престанокот на фондацијата.

4.5.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Намалување на товарот и пречките за остварување на слободата на здружување.

4.5.2. Амандман

Алинејата 12 од став (2) се префрла како прва алинеја во став (3), се менува и гласи: „-знакот на фондацијата“.

Во алинеја 4, во ставот (3) зборот *„спорови“* се заменува со *„спорни прашања“.*

Став (4) се менува и гласи: *„Со статутот на фондацијата може да се уреди и правото на основачот да одлучува за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.“*

Новиот член 31 гласи:

5. Статут и содржина на статутот

Член 31

(1) Фондацијата има статут.

(2) Со статутот се уредуваат:

- името и седиштето на фондацијата;

- целите на фондацијата;

- дејноста со која се остваруваат целите на фондацијата;

-внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување;

- законското застапување;

- начин на стекнување и располагање со средствата;

- начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи;

- начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата;

- начинот на донесувањето, изменување и дополнувањата на статутот;

- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на фондацијата;

- постапување со средствата на фондацијата во случај на престанок на фондацијата;

- начин на донесување на планови и програми; и

- други прашања утврдени со закон.

(3) Со статутот на фондацијата може да се уреди и:

- знакот на фондацијата;

- внатрешните организациони форми на фондацијата (подружници, огранoци и сл.), ако фондацијата ги има;

- начинот на донесување на другите акти;

- судир на интереси; и

- други прашања од значење за работа и начин на разрешување на спорни прашања на фондацијата.

(4) Со статутот на фондацијата може да се уреди и правото на основачот да одлучува за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.

Образложение: *Знакот е дополнителен товар за организацијата и не треба да претставува задолжителен елемент.*

Намерата на ставот (4) е да се постигне транспарентност на правата на основачот во однос на органите на фондацијата. Моќта на одлучување во фондацијата треба да биде во органите на фондацијата, а правата на основачот да се ограничат на клучните стратешки прашања, надвор од раководењето. Види образложение за член 29.

Приоритет: **Висок**.

6. Лице одговорно за одобрување на статутот

Член 32

(1) Статутот е составен и одобрен во согласност со основачите, ако со актот на основање не е определено поинаку.

(2) Ако фондацијата е основана со изјава согласно член 28 став (3) од овој закон, статутот го составува извршителот на тестаментот односно легатот, освен ако со последната изјава на волја не е утврдено поинаку.

4.6.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентноста (за постапките со тестамент)

7. Органи на фондацијата

Член 33

(1) Фондацијата има одбор и директор.

(2) Со статутот на фондацијата можат да се предвидат и други органи.

4.7.1.Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување. Во претходниот закон имаше само еден орган, што не е доволно за проверки и баланси.

4.7.2. Амандман

После ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи *„(2) Со статутот може да се утврди поинакво име на органите на фондацијата“.* Ставот (2) станува став (3).

Новиот член 33 гласи:

7.Органи на фондацијата

Член 33

(1) Фондацијата има одбор и директор.

(2) Со статутот може да се утврди поинакво име на органите на фондацијата.

(3) Со статутот на фондацијата можат да се предвидат и други органи.

***Образложение:** Потребна е поголема разноличност во именување на органите поради карактерот на граѓанското општество.*

Приоритет: **Умерен**.

8. Одбор на фондацијата

Член 34

(1) Одборот е највисок орган на управување на фондацијата.

(2) Основачот при основањето на фондацијата го именува одборот на фондацијата, освен ако со актот за основање или статутот не е поинаку определено.

(3) Одборот на фондацијата работи на начин утврден со статутот на фондацијата.

4.8.1.Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување. Во претходниот закон не постоеја одредби за начинот на почетниот избор.

Забелешка: Одборот е колективен орган. Не е јасно дали тоа се подразбира или има потреба да се одреди најмал број на членови.

9. Надлежност на одборот

Член 35

Одборот на фондацијата:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб-страна;
-доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;

- одлучува за промена на целта на фондацијата;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на фондацијата;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни промени на фондацијата;
- одлучува за престанок на фондацијата; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на фондацијата.

4.9.1.Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Намалување на товарот и пречките за остварување на слободата на здружување.

4.9.2. Амандман

Во алинеја 2 делот од реченицата „извештај за работа“ се менува со зборот „деловен“, додека делот од реченицата *„и го објавува на својата веб страна“ се брише.*

Алинеја 3 се брише.

Новиот член 35 гласи:

9. Надлежност на одборот

Член 35

Одборот на фондацијата:

- *донесува статут, програма и други акти;*
- *усвојува годишен деловен и финансиски извештај;*
- *одлучува за промена на целта на фондацијата;*
- *одлучува за внатрешната организација и организациони форми на фондацијата;*
- *избира и разрешува членови на органите;*
- *одлучува за статусни промени на фондацијата;*
- *одлучува за престанок на фондацијата; и*
- *врши и други работи во согласност со статутот и актите на фондацијата.*

Образложение: *Замената на делот од алинеја 2 “извештај за работа“ со „деловен извештај“ е поради усогласување со другите членови. Прашањето за објавување на извештаите на веб-страна е уредено во член 53 – извештаи за работа. За предложена измена во алинеја 3 важи дека Одборот може да управува односно да донесува и одобрува извештаи, не може да доставува извештаи. Дополнително доставувањето на извештаи е одговорност на застапникот (директорот) и прекршочните казни (глоби) се за одговорното лице – застапник на организацијата, а не за органите. Оваа прашање да се уреди во член 49 – средства од буџетите каде може да се додаде нов став „Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловни и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.“*

Приоритет: **Висок**.

10. Раководење со фондацијата

Член 36

(1) Со фондацијата раководи директор.

(2) Фондацијата може да има еден или повеќе директори овластени за застапување на фондацијата, избрани на начин утврден со статутот.

(3) Директор може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија.

(4) Директорот своите права, обврски и одговорности ги врши во согласност со овој закон, статутот и актите на фондацијата.

4.10.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување.

ГЛАВА V. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ НА СТРАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Странско лице и странски организации

Член 37

(1) Како основачи и членови на организација согласно овој закон можат да бидат и странски лица.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член ги имаат истите права и обврски како и домашните лица, освен ако со закон поинаку не е определено.

5.1.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Проширување на слободата на здружување. Се овозможува еднаквоста на домашни и странски лица.

2. Странска организација

Член 38

(1) Странските организации можат да делуваат во Република Македонија преку подружница, канцеларија или друг организационен облик на странските организации кои имаат седиште на територијата на Република Македонија.

(2) Во Република Македонија странските организации работат во согласност со одредбите на овој закон освен ако со ратификуван меѓународен договор не е поинаку уредено.

5.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Проширување на слободата на здружување.

3. Акт за основање

Член 39

(1) Организационите облици на странските организации се основаат со акт на странската организација за нејзино основање во Република Македонија.

(2) Актот од став (1) на овој член содржи:

- име и седиште на странската организација која основа организационен облик;
- целта на странската организација и целта на организациониот облик на странската организација; и
- име и седиште на организациониот облик на странската организација;

(3) Актот од ставот (1) на овој член го потпишува овластено лице на странската организација и се заверува пред нотар.

5.3.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

ГЛАВА VI. РЕГИСТРАЦИЈА

1. Регистри

Член 40

(1) Регистарот води:

- регистар на здруженија и регистар на сојузи;
- регистар на фондации;
- регистар на организациони облици на странските организации.

(2) Регистрите од ставот (1) од овој член се водат во пишан облик и како единствена централна електронска база на податоци кои се објавуваат на веб страна на Регистарот.

(3) Формата, содржината и начинот на запишување и водење на регистрите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за правда.

6.1.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Се предвидува раздвојување на регистрите во посебни регистри.

2. Содржина на регистрите

Член 41

(1) Во регистрите се запишуваат:

- полното име на организацијата и скратеното име ако го има;
- седиште;
- акт за основање;
- датум на основање;
- име, презиме и единствен матичен број на граѓанинот и единствен даночен број на основачите;
- датум на донесување, односно изменување и дополнување на статутот;
- предвиденото време за кое организацијата се основа;
- цели и дејности;
- име, презиме и единствен матичен број на застапникот по закон;
- податоци за организациски единици (подружници, канцеларија и сл.);
- податоци за статус на организација од јавен интерес;
- податоци за статусни промени;
- податоци за стечај и ликвидација ;
- забелешка за започнување постапка за забрана на вршење на дејност;
- престанок на работа; и
- број и датум на решение за запишување, за промена на податоци и решение за бришење на уписот во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон.

(2) За фондациите освен податоците од ставот (1) на овој член, се запишува и почетната имотна маса.

(3) За организационите облици на странските организации се запишува и:

- државата во која е регистрирана странската организација и седиштето на организацијата во таа држава; и
- името на организациската форма и вид на странската организација согласно прописите на државата во која е регистрирана странската организација.

(4) За организациите со статус од јавен интерес се запишуваат името, презимето и единствениот матичен број на членовите на органот за надзор.

6.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

3. Запишување во Регистарот

Член 42

(1) Запишувањето во Регистарот се врши со пријава за запишување која се поднесува во рок од 30 дена од денот на донесувањето на актот за основање, односно одлуката на странската организација за основање на организациониот облик на странската организација во Република Македонија.

(2) Пријавата за запишување ја поднесува застапникот.

(3) За запишувањето од став (1) на овој член во регистарот, здруженијата и фондациите поднесуваат:

- акт за основање;
- статут во два примероци;
- програма за дејствување;
- одлука за избор на органите и податоци за членовите на органите;
- одлука за избор на застапник по закон со неговите податоци;
- записник од основачкото собрание или извештај за основањето; и
- изјава заверена кај нотар потпишана од застапникот со која се потврдува дека вршењето на дејноста е во согласност со закон;

(4) За запишување во регистарот на организациониот облик на странската организација со пријавата се поднесуваат:

- заверена фотокопија на актот за основање на странската организација и заверен превод за регистрација во странската држава во која е основана или друг документ што потврдува дека организацијата може да делува во Република Македонија;

- заверена фотокопија на одлуката и заверен превод на одлуката на надлежниот орган за основање на организациониот облик во Република Македонија;
- фотокопија и заверен превод на статутот или друг соодветен акт;
- програмата за дејствување во Република Македонија;
- заверена одлука и превод за изборот на органите со лични податоци на лицата кои членуваат во органите;
- заверен превод на одлуката и одлуката за избор на законски застапник со лични податоци заверена фотокопија на исправата за идентификација на тоа лице и документ за регулиран престој, односно живеалиште во Република Македонија; и
- заверен превод на одлуката за лице овластено од законскиот застапник за регистрација на организациониот облик на странската организација во Република Македонија.

6.3.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Намалување на товар и пречки за остварување на слободата на здружување. На пример, нема да има потреба од мислење од МНР за странските организации, што е барање на постоечкиот ЗЗГФ.

4. Решение за запишување

Член 43

(1) Регистарот е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за запишување да донесе решение за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) на овој закон.

(2) Решението за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се доставува до подносителот на пријавата во рок од три дена од денот на донесувањето на решението.

(3) Со решението за запишување во регистарот се доставува примерок од статутот заверен со печат на Регистарот.

(4) Со запишувањето во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон, организацијата се стекнува со својство на правно лице.

6.4.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Предвидено е заверување на важечки статут (став 3) со што се утврдува важечкиот статут, што треба да го олесни разрешувањето на спорни прашања.

5. Дополнување и одбивање

Член 44

(1) Ако Регистарот утврди дека пријавата за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) на овој закон не е во согласност со член 42 од овој закон ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето.

(2) Ако во определениот рок подносителот на барањето за регистрација не постапи по укажувањето, Регистарот со решение ќе го одбие барањето за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон.

6.5.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Проширување на слобода на здружување. Согласно овие одредби регистраторот може да одбие само по основ на некомплетни барања.

6. Право на жалба

Член 45

Против решението на Регистарот со кое е одбиено барањето за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон организацијата има право на жалба до Комисијата за жалби утврдена со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во рок од 15 дена од приемот на решението.

6.6.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

7. Запишување за промена на податоци

Член 46

(1) Организациите кои извршиле промена на податоците кои се впишуваат во соодветен регистар од член 40 став (1) од овој закон се должни во рок од 30 дена од денот на извршените промени да поднесат пријава до Регистарот за запишување на промените.

(2) Пријава за извршените промени поднесува застапникот.

(3) За запишување на промените на податоците во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се применуваат одредбите за запишување утврдени со овој закон.

6.7.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување. Зголемена транспарентност. Со ставот 2 се алоцира одговорност за регистрација на промените.

8. Јавност на регистарот

Член 47

Податоците во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се јавни, и се објавуваат на веб страната на Регистарот.

6.8.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

6.8.2. Амандман

На крајот на членот после зборот "Регистарот" се додава: *„во согласност со закон".*

Образложение: *Во регистарот има и лични податоци заштитени со закон.*

Приоритет: **Умерен**.

ГЛАВА VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

1. Извори на финансирање

Член 48

Здруженијата, фондациите и сојузите средствата за финансирање ги стекнуваат од членарина, основачки влогови, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.

7.1.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање ресурси.

7.1.2. Амандман

Членот се менува и гласи:

„Здруженијата, фондациите и сојузите средствата за финансирање ги стекнуваат од

1. членарина;

2. основачки влогови;

3. доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати и слично;

4. вложувања, кирии и закупнини, дивиденди, капитални приходи и приходи од хартии од вредност;

5. вршење на дејности (сопствени приходи)

6. камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.

Образложение: *Со групирањето на изворите се подобрува формулацијата и јасноста на одредбата.*

Приоритет: **Умерен**.

2. Средства од буџетите

Член 49

(1) Организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

7.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Овој член создава законска можност со подзаконски акт да се уредат условите за распределба и користење. Со претходниот ЗЗГФ таа основа не постоеше, што беше пречка за донесување на правилник, наместо кој е донесен Кодекс. Објавувањето на корисниците на интернет страниците е од многу големо значење за транспарентноста.

7.2.2. Амандман

Се додава нов став (5) кој гласи: *„Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.“*

Новиот член 49 гласи:

2.Средства од буџетите

Член 49

(1) Организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

(5) Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Образложение: *Согласно со препораката од членовите 23 и 35.*

Приоритет: **Висок**.

Нов член

Член 49а

(1) Организациите имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.

(2) Даночните и царински олеснувања од став 1 од овој член не може да се применат за средствата која организацијата ги употребила во спротивност на член 12 и член 13 од овој закон.

Образложение: *Даночните и царински олеснувања се облици на индиректно финансирање. Во предлогот се уредени во член 7, а согласно на погоре наведеното треба да се дел од поглавјето 7 каде се уредуваат средствата на организациите, како нов член 49 или како нов став во член 49 – средства од буџетите. Исто така во членот треба да се избрише „со статус од јавен интерес“, бидејќи овие олеснувања се однесуваат на сите организации, што е стекнато право со постоечкиот ЗЗГФ, а за организациите со статус од јавен се предвидени дополнителни ослободувања кои се уредени со член 88 – олеснувања.*

Во постоечкиот ЗЗГФ има казнени одредби работа спротивно на непрофитниот и непартискиот карактер на организациите (види забелешка кај член 13). Во предлогот не се предвидени казнени одредби, што тие две работи ги трансформира во етички стандард. Тоа е во согласност со меѓународната пракса. Сепак постои потреба да се направи ограда од можното кршење на одредбите од член 12 – непрофитност и 13 – непартиско делување. Оградата или санкцијата е да не се применуваат даночни и царински ослободувања за средствата употребени во спротивност од член 12 и 13.

3. Употреба на средствата

Член 50

(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.

(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.

(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.

(4) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на патни и дневни трошоци како и надоместок за вршење на работи во органите на организацијата во согласност со закон.

(5) Вработените имаат право на плата и надоместоци, во согласност со закон и колективен договор.

7.3.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување. Зголемена транспарентност. Со овој член се одредува карактерот на намената на средствата на организациите и претставува заштита и основ за домаќинско работење.

7.3.2. Амандман

Ставот (3) се раздвојува во два нови става 3 и 4 кои гласат:

„(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен исклучоците уредени со овој член.

(4) Средствата на организацијата можат да се исплаќаат на членовите кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата“.

Ставот (4) станува став (5), се менува и гласи: *„(5) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на трошоци, како и надоместок за извршени работи надвор од работата во органите.“*

Ставот (5) станува став (6) и се дополнува со „*и со актите на организацијата“.*

Новиот член 50 гласи:

„(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.

(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро

управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.

(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен исклучоците уредени со овој член.

(4) Средствата на организацијата можат да се исплаќаат на членовите кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.

(5)„Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на трошоци, како и надоместок за извршени работи надвор од работата во органите.“

(6) Вработените имаат право на плата и надоместоци, во согласност со закон, колективен договор и актите на организацијата.“

Образложение: *Предлог став (3) вака формулиран е во спротивност со ставовите (4) и (5), бидејќи и тие се исклучоци.*

Смислата на ставот (4) е дека работата во органите е доброволна, што е основа на спречување на злоупотреба на положбата за самододелување непримерни награди. Намерата е да се надоместува работа надвор од органи (пр. истражување, други авторски дела), а не работа во органи која треба да е доброволна. Со сегашната формулација почетокот и крајот се контрадикторни.

Приоритет: **Висок**.

4. Одговорност за обврските

Член 51

(1) Организациите одговараат за своите обврски со целиот свој имот и средства.

(2) Членовите на органите на организациите одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон организацијата, за злоупотреба на средствата на организацијата, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на организацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

7.4.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување.

5. Одговорност за штета

Член 52

(1) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

(2) Барање за надоместок на штета поднесува органот определен со статутот или највисокиот орган, ако со статутот не е определен орган.

7.5.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон добро управување. Намерата со овој член е заштита од штети.

Забелешка: Има мислења дека не е во согласност со препораки на Совет на Европа.

6. Извештаи за работа

Член 53

(1) Организациите се должни на својата веб страна или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење.

(2) Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб локација или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.

(3) Извештаите од став (1) и став (2), организациите се должни да ги објават најдоцна до 31 март за претходната година.

7.6.1. Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.
7.6.2. Амандман

Новиот член 53 гласи:

6. Деловни книги и извештаи

Член 53

(1) Организациите водат деловни книги и подготвуваат извештаи во согласност со закон.

(2) Организациите подготвуваат годишни деловни и финансиски извештај, ги доставуваат до надлежниот орган во согласност со закон и се должни да ги објават на својата интернет страна или на друг соодветен начин утврден со статут ги направат достапни на јавноста.

(3) Извештаите од став (2), организациите се должни да ги објават најдоцна до 30 јуни за претходната година".

***Образложение:** Потребна е преформулација за појаснување и за вклучување на деловните книги. Содржината е непроменета но појасно формулирана.*

Рокот е преместен од 31 март на 30 јуни, бидејќи рокот до 31 март е прекраток за објавување на финансиски извештаи (ревидирани). Потврда за тоа е дека со соодветните закони, банки се задолжени да ги објават своите извештаи до 15 мај, а акционерските друштва до 30 јуни. Со рок до 31 март, организациите се ставаат во нееднаква положба во однос на далеку помоќни институции како банки и акционерски друштва.

Приоритет: **Висок**.

7. Располагање со средствата во случај на престанок

Член 54

(1) Во случај на престанок на работата на организацијата, средствата што остануваат по намирување на обврските, се користат на начин утврден со статутот.

(2) Ако со статутот не е определен примателот на средствата што остануваат по намирување на обврските од став 1 на овој член, тие средства се пренесуваат на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје има седиште организацијата.

(3) Во случај на престанок на организацијата со статус на јавен интерес, средствата се пренесуваат на друга организација со статус од јавен интерес со иста или слична цел на дејствување или на општината на чие подрачје има седиште организацијата, за што одлучува давателот на средствата.

7.7.1. Оценка: Многу добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.
7.7.2. Амандман
Во став (3) делот од реченицата „за што одлучува давателот на средствата" се брише.

Новиот член 54 гласи:

7. Располагање со средствата во случај на престанок

Член 54

(1) Во случај на престанок на работата на организацијата, средствата што остануваат по намирување на обврските, се користат на начин утврден со статутот.

(2) Ако со статутот не е определен примателот на средствата што остануваат по намирување на обврските од став 1 на овој член, тие средства се пренесуваат на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје има седиште организацијата.

(3) Во случај на престанок на организацијата со статус на јавен интерес, средствата се пренесуваат на друга организација со статус од јавен интерес со иста

или слична цел на дејствување или на општината на чие подрачје има седиште организацијата.

Образложение: *Односите меѓу корисникот (организацијата со или без ОЈИ) и давателот (Влада, донатор итн.) се должничко - доверителски односи кои се уредуваат со договор, а не со закон. Финансиски сметководствен стандард е да средствата донирани на организација стануваат приход на организацијата по наменската употреба. Исто така меѓународен стандард (УСАИД, ЕУ) е да и сопственоста на поголеми фондови се пренесува на организацијата по 5 години. Соодветно на тоа средствата се на организацијата и таа самостојно одлучува за нив, вклучувајќи во случај на престанок.*

Со член 71 од овој предлог е предвидено во случај на престанок (ликвидација) или стечај прво да се намират обврските, што вклучува и евентуални обврски кон давателите на средствата (за примени средства, а неизвршени активности). Соодветно на тоа давателите на средства се заштитени од ризик на престанок на организацијата.

Приоритет: **Висок**.

8. Пренесување на средствата во случај на забрана за работа

Член 55

Кога со одлука на надлежен суд се забранува работата на организацијата, имотот на организацијата се пренесува на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, на чие подрачје има седиште организацијата.

7.8.1. Оценка: Многу добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

ГЛАВА VIII. НАДЗОР

1. Орган за надзор

Член 56

(1) Организациите имаат орган за надзор.

(2) Органот за надзор ја следи примената на статутот и програмата, се грижи за работењето и имотот на организацијата и врши други работи на начин утврден со статутот.

8.1.1 Оценка: Незадоволителна
Очекувано подобрување: Задолжителноста на орган за надзор го зголемува товарот и е пречка на слободата на здружување.

8.1.2. Амандман

Ставот (1) се менува и гласи: „(1) *Организациите може да имаат орган за надзор“.*

По ставот (2) се додава став (3) кој гласи: *„(3) Ако со статутот не е предвиден посебен орган за надзор, надзорот го врши највисокиот орган на организацијата“.*

Новиот член 56 гласи:

1.Орган за надзор

Член 56

(1) Организациите може да имаат орган за надзор.

(2) Органот за надзор ја следи примената на статутот и програмата, се грижи за работењето и имотот на организацијата и врши други работи на начин утврден со статутот.

(3) Ако со статутот не е предвиден посебен орган за надзор, надзорот го врши највисокиот орган на организацијата

Образложение: *Организациите треба да имаат право на избор во однос на воспоставувањето на надзорен орган, со оглед на фактот дека организациите го задоволуваат основниот принцип за добро управување со поделба на управи и извршни органи (предвидени во овој закон). Најчестата пракса во земјите од регионот е доброволност за дополнителен надзорен орган бидејќи таа функција најчесто ја врши собранието кај здруженијата или одборите кај фондациите. Исто така, укажуваме и на*

најчестата пракса која што секако е запазена и во овој предлог закон за задолжителност на орган за надзор кај организациите кои ќе се стекнат со статус од јавен интерес (член 77). Според тоа сметаме дека органот за надзор треба да биде можност, а не обврска за сите организации, додека за организациите кои што се стекнале со статус од јавен интерес органот за надзор да биде задолжителен (член 77). Исто така намерата за задолжителен орган за надзор е контрадикторен на ослободувањето од обврска за поднесување на завршна сметка за организациите со приходи помали од 2.500 ЕУР, согласно со законот за непрофитно сметководство.

Приоритет: **Висок**.

8.2. Надлежност за вршење на увид

Член 57

(1) Членовите на организацијата, вршат увид во работата на органите на организациите.

(2) Ако членовите на организацијата или членовите на органите на организацијата дознаат за неправилности во примената на статутот, или во финансиското работење, можат да побараат отстранување на неправилноста од органот определен со статутот, односно највисокиот орган ако со статутот не е определен друг орган.

8.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Со овој член за првпат се уредува надзорот и постапувањето по пријавени неправилности.

8.2.2. Амандман

Во ставот (1) зборот *„вршат“ се* менува со *„имаат“.*

Новиот член 57 гласи:

8.2. Надлежност за увид

Член 57

(1) Членовите на организацијата, имаат увид во работата на органите на организациите.

(2) Ако членовите на организацијата или членовите на органите на организацијата дознаат за неправилности во примената на статутот, или во финансиското работење, можат да побараат отстранување на неправилноста од органот определен со статутот, односно највисокиот орган ако со статутот не е определен друг орган.

***Образложение:** Посоодветен термин, кој означува право.*

Приоритет: **Умерен**.

8.3. Надзор

Член 58

Надзор на законитоста на примената на одредбите на овој закон врши Министерството за правда.

8.3.1. Оценка: Многу добра

Очекувани постигнувања: Зголемена транспарентност. Со овој член за првпат се уредува надзорот на законитоста, органот надлежен за тоа.

ГЛАВА IX СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

1. Поим и вид на статусни промени

Член 59

Статусната промена подразбира присоединување, спојување и поделба на организацијата извршена врз основа на одлука донесена од органот во согласност со овој закон и статутот.

9.1.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување.

2. Присоединување на организацијата

Член 60

(1) Присоединувањето е пренос на правата и обврските на една организација (организација што се присоединува) кон друга организација (организација што презема), врз основа на одлука и договор за присоединување.

(2) Договорот за присоединување ги содржи имињата и седиштето на организациите, начинот за пренос на имотот на организацијата што се присоединува со опис на правата и обврските кои се пренесуваат.

(3) Присоединувањето на една или повеќе организации кон друга се запишува во Централниот регистар.

(4) За уписот на присоединувањето соодветно се применуваат одредбите за упис во регистарот утврдени во овој закон.

(5) Со пријавата за упис се поднесуваат и одлуките од организациите кои учествуваат во присоединувањето за прифаќање на склучените договори за присоединување, во истоветен текст, договорот за присоединување и решение за упис во регистарот на организациите кои се присоединуваат.

(6) Со уписот за присоединување во регистарот престанува да постои организација што се присоединува.

9.2.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Со овој член за прв пат се регулира присоединувањето на организациите. Јасна процедура во ситуација кога една организација одлучува да се приклучи кон друга.

3. Спојување на организации

Член 61

(1) Спојувањето е основање на нова организација на која преминуваат сите права и обврски на две или повеќе организации кои се спојуваат.

(2) Со спојувањето престануваат да постојат организациите кои што се споиле, а новонастанатата организација се смета за нова организација.

(3) За новата организација соодветно се применуваат одредбите за основање на организација согласно овој закон.

9.3.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Со овој член за прв пат се регулира спојувањето на организациите. Јасна процедура во ситуација кога две или повеќе организации одлучуваат да се спојат во една.

4. Поделба на организации

Член 62

(1) Организацијата може да се подели на две или повеќе организации.

(2) Одлуката за поделба на организацијата има правно дејство на акт за основање.

(3) Поделената организација престанува да постои, а во постапката за упис на новонастанатите организации се применуваат одредбите за регистрација согласно овој закон.

(4) Организациите настанати со поделбата со денот на запишување во регистарот одговараат солидарно за обврските на поделената организација.

(5) Со барањето за запишување во регистарот се поднесува и делбен биланс.

9.4.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Со овој член за прв пат се регулира поделбата на организациите. Јасна процедура во ситуација кога една организација одлучува да се подели на две или повеќе.

ГЛАВА X. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

1. Престанок на организацијата

Член 63

(1) Организацијата престанува да постои ако е:

- донесена одлука од органот определен со статутот за престанок на постоење;
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана:
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- истечено е времето определено со статутот, кога основањето на организацијата е за определено време;
- статусна промена која предвидува престанок на постоењето;
- донесена одлука на надлежен суд;
- стечај и
- спроведена ликвидација.

(2) Организацијата може да престане и ако бројот на членовите на организацијата се намали под бројот определен за основање.

10.1.1 Оценка. Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Основите за престанок се појасни во однос на постоечкиот ЗЗГФ, особено што постои поделба од одредбата за забрана за работа. Исто така, со еден член се регулира престанокот за сите организации (здруженија, фондации и сојузи).

2. Поведување на постапка за престанок на организацијата

Член 64

(1) Одлука за престанок на организацијата врз основа на член 63, став (1) алинеи 2 3 и 4 и став (2), од овој закон донесува надлежниот суд, на предлог на застапникот по закон, членовите на органите, членовите, или други лица во случаите кога не е донесена одлука за престанок на постоење од органот определен со статутот.

(2) Постапката за престанок на организацијата пред надлежниот суд се води според одредбите на Законот за парничната постапка.

(3) За престанокот на организацијата судот по службена должност го известува Регистарот.

10.2.1 Оценка. Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

3. Забрана на работа на организацијата

Член 65

Се забранува работата на организацијата ако:

- нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија;
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- презема активности кои се спротивни на Уставот или закон; и
- се повредуваат слободите и правата на други лица.

10.3.1 Оценка. Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ. Особено е важно што постои поделба од одредбата за престанок за работа.

Забелешка: ХКЧП забележува (прилог 4) дека забраната се уредува со Кривичниот законик (одредбите стапуваат во сила март 2010 година). Доколку одредбите се слични, тогаш членовите 65, 66, 67 треба да се заменат со еден член 65, кој се дополнува со став „(2) Мерките и постапката се во согласност со закон.“

4. Поведување постапка за забрана на работа на организациите

Член 66

(1) Секој може да поднесе иницијатива за забрана на работата на организациите на пред надлежниот јавен обвинител.

(2) Ако надлежниот основен јавен обвинител според седиштето на организацијата по службена должност или по поднесената иницијатива, оцени дека постојат причини за забрана на работа на организацијата во согласност со овој закон, ќе поднесе предлог до надлежниот суд.

(3) Постапката за забрана е итна.

10.4.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

5. Право на жалба

Член 67

(1) Против решението на основниот суд за забрана на работа на организацијата може да се поднесе жалба до надлежниот апелационен суд во рок од петнаесет дена од денот на приемот на решението.

(2) Основниот суд жалбата ја доставува до апелациониот суд во рок од три дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Апелациониот суд по жалбата одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

10.5.1. Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ.

6. Ликвидација

Член 68

(1) Ликвидација на организација се спроведува кога организацијата има доволно финансиски средства за покривање на своите обврски, а е донесена одлука (акт) за престанок на постоење од органот определен со статутот.

(2) За прашањата за постапка на ликвидација кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат прашања за ликвидација на трговски друштва.

(3) Постапката за ликвидација е итна.

10.6.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Овој член е новина во законот. Постоечкиот ЗЗГФ не ја предвидува ликвидација, а тоа во праксата создаваше проблеми за процесот на престанување на организациите.

7. Управување со организацијата во ликвидација

Член 69

(1) Со организацијата во ликвидација управува ликвидатор.

(2) Ликвидатор се именува на начин уреден со статут на организацијата или определен со одлуката за престанок на постоење на организацијата.

(3) Со именувањето на ликвидаторот престануваат овластувањата на органите и на застапникот.

(4) Застапувањето се пренесува на ликвидаторот со денот на отворање на постапката за ликвидација.

(5) Одлуката за престанок со ликвидација и за именување на ликвидатор, се доставува до Регистарот во рок од три дена од денот на нејзиното донесување.

(6) Во Регистарот се запишуваат податоците за ликвидаторот, а во името на организацијата се впишува ознака „во ликвидација”.

10.7.1.Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување. Придонес кон доброто управување.

8. Скратена постапка за ликвидација

Член 70

(1) Организацијата може да престане по скратена постапка за ликвидација, ако по донесувањето на одлуката за престанок на постоење од органот определен со статутот повеќето членови на собранието или застапниците на фондацијата и на странската организација, поднесат до Регистарот заверена изјава согласно закон, дека се подмирени сите обврски кон доверителите и кон вработените во организацијата.

(2) Лицата од ставот (1) од овој член одговараат солидарно за обврските на организацијата во рок од три години од денот на брише од Регистарот.

(3) Организацијата која престанува по скратена постапка се брише од Регистарот, а се впишуваат имињата и живеалиштето, односно седиштето на лицата од ставот (1) од овој член, со назнака за нивната солидарна одговорност за обврските на организацијата.

10.8.1. Оценка: Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување.

10.8.2 Амандман

Во ставот (2) Зборот *„брише“* се менува со *“бришење“*

Новиот член 70 гласи:

8. Скратена постапка за ликвидација

Член 70

(1) Организацијата може да престане по скратена постапка за ликвидација, ако по донесувањето на одлуката за престанок на постоење од органот определен со статутот повеќето членови на собранието или застапниците на фондацијата и на странската организација, поднесат до Регистарот заверена изјава согласно закон, дека се подмирени сите обврски кон доверителите и кон вработените во организацијата.

(2) Лицата од ставот (1) од овој член одговараат солидарно за обврските на организацијата во рок од три години од денот на бришење од Регистарот.

(3) Организацијата која престанува по скратена постапка се брише од Регистарот, а се впишуваат имињата и живеалиштето, односно седиштето на лицата од ставот (1) од овој член, со назнака за нивната солидарна одговорност за обврските на организацијата.

***Образложение:** Станува збор за граматичка грешка.*

Приоритет: **Умерен**.

9. Постапка по спроведена ликвидација и стечај

Член 71

(1) Со средствата што остануваат по намирување на обврските, ликвидаторот постапува во согласност со овој закон и статутот на организацијата.

(2) По предавање на средствата на примателот, ликвидаторот поднесува барање за бришење од Регистарот, со кое приложува и извештај за ликвидацијата или стечајот и изјава дека сите средства се поделени во согласност со закон и статутот.

(3) Постапката за стечај на организациите се спроведува во согласност со закон.

10.9.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Уреден е стечајот на организациите согласно законот кој го регулира стечајот.

10. Бришење од Регистар

Член 72

(1) Организацијата се брише од Регистарот врз основа на завршена ликвидација или стечај.

(2) Со бришење од Регистарот организацијата престанува да постои како правно лице.

10.10.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

ГЛАВА XI. СТАТУС НА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

1. Поим на статус на јавен интерес

Член 73

Организациите може да се стекнат со статус од јавен интерес ако вршат дејности од јавен интерес, спроведување на програми и проекти на централно и/или локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје како и користење на финансиски средства за реализација на активностите.

11.1.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Подобрување на одржливост – зголемување на влијание и на генерирање на ресурси. Статусот на јавен интерес треба да овозможи зголемување на влијание преку зголемени можности за директно и индиректно финансирање. За да се постигне тоа потребна е добро управување и зголемана транспарентност. Важно е дека се опфатени дејности и на национално и на локално ниво, односно и национални и локални организации.

2. Дејности од јавен интерес

Член 74

Дејности од јавен интерес се:

- развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права;
- помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби;
- заштита на деца и младинци;
- заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување;
- заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе:
- здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа;
- уметност, култура и заштита на културно наследство;
- аматерски спорт;
- заштита на животната средина и одржлив развој;
- локален и инфраструктурен развој;
- наука, образование и обука во образовниот процес;
- развој на етиката и моралот;
- хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата;
- справување со елементарни непогоди;
- заштита и грижа за животни;
- заштита на потрошувачите;
- унапредување на добротворството и волонтерството; и
- друга дејност од јавен интерес определен со овој или друг закон.

11.2.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање приходи. Широк и јасен опфат на подрачја од јавен интерес.

Забелешка: Во одредени земји заедно со справување со елементарни непогоди е опфатена и безбедноста во смисла на безбедност во сообраќај, на работно место, од пожари итн. Доколку државата процени дека тоа е од јавен интерес може да се вклучи.

Локалниот развој, опфаќа и локален економски развој. Доколку тоа не е доволно јасно треба да се појасни.

3. Критериуми за јавен интерес

Член 75

Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес ако:

- е регистрирана согласно одредбите на овој закон;
- дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење;
- работењето и дејствувањето е насочено кон поширокатa јавност и кон

интересите на заедницата;
- има потребна организациска структура согласно овој закон;
- има простор за работа и кадровски капацитети;
- има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Македонија;
- има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето;
- не е во стечај или ликвидација и нема блокирана жиро сметка; и
- има платени даноци и други јавни давачки.

11.3.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање приходи. Критериумите овозможуваат и помали организации (со приходи од 1.500 Евра) и нови организации (нема временски ограничувања) да се здобијат со статус, доколку ги исполнат другите критериуми поврзани со професионалност и транспарентност. Повеќето од наведените критериуми ги употребува и ЕУ во оценката на организациите кои конкурираат за средства. Дури и повеќе.

11.3.2. Амандман

Алинеја 6 се менува и гласи „- *има простор за работа и кадровски капацитети потребни за дејноста, во согласност со закон*“.

Алинеја 9 се менува и гласи: *„- е даночно одговорна“.*

Новиот член 75 гласи:

3. Критериуми за јавен интерес

Член 75

Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес ако:

- *е регистрирана согласно одредбите на овој закон;*
- *дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење;*
- *работењето и дејствувањето е насочено кон поширокаата јавност и кон интересите на заедницата;*
- *има потребна организациска структура согласно овој закон;*
- *има простор за работа и кадровски капацитети потребни за дејноста, во согласност со закон;*
- *има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра во денарска; противвредност според курсот на Народна банка на Република Македонија;*
- *има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето;*
- *не е во стечај или ликвидација и нема блокирана жиро сметка; и*
- *е даночно одговорна.*

Образложение:

Со измената на алинеја 5 се појаснува дека просторните и кадровските потреби се дефинирани со дејноста, односно со закон. Со тоа се намалува дискреционата моќ и се зголемува транспарентноста. Пр. доколку една организација за заштита на животни гради јавна свест, за тоа не е потребно да исполнува посебни услови, бидејќи не се предвидени со закон.

Постои пракса на Уставниот суд да не го прифаќа критериумот за платени даноци и други јавни давачки (Одлуки на Уставен суд У.бр. 153 2008 и У.бр. 132/2008 во врска со Законот за трговски друштва и Правилник за операторот на депонија, а на основа на член 8 и 32 од Уставот). Тие одлуки се засновани на тоа дека за собирање на даноци постојат други законски механизми.

Критериумот за организација од јавен интерес за платени даноци и други јавни давачки не е поврзан со собирање на даноци, туку со оценка на капацитетот на

организациите да бидат „даночно одговорни“. Ова е суштински за концептот на статус организација од јавен интерес бидејќи статусот треба да води кон дополнителни даночни олеснувања.

Приоритет: **Висок**.

4. Барање

Член 76

(1) Здружението или фондацијата поднесува барање за добивање на статус на организација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

(2) Кон барањето се поднесува и:

- решение за запишување во Регистарот;
- статут;
- програма за работа за тековната година;
- опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во статутот и активностите со кои е спроведувана;
- препорака од организации или институции со кои соработувале;
- опис на организациската структура;
- опис на просториите за работа и кадровскиот капацитет;
- изјава за судир на интереси од застапникот;
- информација за економска и финансиска состојба на организацијата,
- завршна сметка;
- потврда од банка за состојба на жиро сметка;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација; и
- уверение дека со правосилна одлука не е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност.

(3) Документите од став (2) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.

(4) Статусот од јавен интерес е непреносliв на организациите настанати со статусни промени.

11.4.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

11.4.2. Амандман

Алинејата 12 од став (2) се менува и гласи „- *потврда од Управата за јавни приходи за даноци, придонеси и други јавни давачки*;“

Алинејата 13 од став (2) се менува и гласи *„- потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација“.*

Став (3) се менува и гласи *„ Документите од алинеја 5 до 14 од став (2) не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.“*

Новиот член 76 гласи:

4. Барање

Член 76

(1) Здружението или фондацијата поднесува барање за добивање на статус на организација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

(2) Кон барањето се поднесува и:

- *решение за запишување во Регистарот;*
- *статут;*
- *програма за работа за тековната година;*
- *опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во статутот и активностите со кои е спроведувана;*
- *препорака од организации или институции со кои соработувале;*
- *опис на организациската структура;*

- опис на просториите за работа и кадровскиот капацитет;
- изјава за судир на интереси од застапникот;
- информација за економска и финансиска состојба на организацијата,
- завршна сметка;
- потврда од банка за состојба на жиро сметка;
- потврда од Управата за јавни приходи за даноци, придонеси и други јавни давачки
- потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација; и
- уверение дека со правосилна одлука не е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност.

(3) Документите од алинеја 5 до 14 од став (2) не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар

(4) Статусот од јавен интерес е непреносliв на организациите настанати со статусни промени.

Образложение:

Алинеја 12 се менува во согласност со образложението од претходниот член. Потврдите се потребни не поради собирање на данок, туку за оценка на даночната способност на барателот.

Додаден е зборот „стечај“ како потреба од усогласување со другите одредби на законот за престанок на работа на организацијата.

Документите од алинеја 1-4 од став (2) се трајни, и не може да се бараат да бидат не постари од шест месеци.

Приоритет: **Висок**.

5. Орган за надзор

Член 77

(1) Организацијата од јавен интерес има орган за надзор.

(2) Органот за надзор:
- го следи спроведувањето на статутот и програмата на организацијата;
- се грижи за работењето и имотот на организацијата;
- го контролира начинот на работењето на органот на управување;
- поднесува извештај на собранието на здружението, односно на одборот на фондацијата и на органот од кој му се пренесени јавните овластувања најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење:
- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на организацијата; и
- врши други работи утврдени со закон и статутот.

11.5.1. Оценка. Добра

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување на ОЈИ.

11.5.2. Амандман

Алинејата 4 се менува и гласи „поднесува извештај на собранието на здружението, односно одборот на фондацијата, најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење на организацијата“.

Новиот член 77 гласи:

5. Орган за надзор

Член 77

(1) Организацијата од јавен интерес има орган за надзор.

(2) Органот за надзор:
- го следи спроведувањето на статутот и програмата на организацијата;
- се грижи за работењето и имотот на организацијата;
- го контролира начинот на работењето на органот на управување;
-поднесува извештај на собранието на здружението, односно одборот на фондацијата, најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење на организацијата;
- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на организацијата; и
- врши други работи утврдени со закон и статутот.

Образложение: *Промената во алинејата 4 е потребна од две причини. Прво, органот за надзор е орган кој ја врши внатрешната контрола на организацијата односно го следи работењето (пред се финансиското) на другите органи. Според тоа органот за надзор има обврска да поднесува извештај само до највисокиот орган на управување во организацијата, но нема обврска да известува кон надвор, бидејќи истата е доверена на застапникот кај здруженијата односно на директорот кај фондациите. Втората причина е мешањето односно не правењето разлика меѓу институтите „статус од јавен интерес“ со „јавни овластувања“. Имено, овие одредби за орган за надзор се предвидуваат за организациите со статус од јавен интерес кои што може но и не мора да бидат корисници на средства од некој орган на државната управа, што е поразлично од ситуациите кога со посебни закони на одредени граѓански организации може да им се доверат јавни овластувања. За организациите со статус од јавен интерес предвидени се одредби за известување кон надлежните органи (членови 85 и 86), додека јавните овластувања се уредени во посебен дел (глава 12).*

Приоритет: **Висок**.

6. Неспоивост на функции

Член 78

(1) Членовите на органот за надзор не можат да бидат членови на други органите врз чија работа вршат надзор.

(2) Вработените во организацијата не можат да бидат членови на органот за надзор.

11.6.1. Оценка. Многу добра

Очекувани подобрувања: Придонес кон доброто управување на ОЈИ.

7.Определување на организации со статус од јавен интерес

Член 79

(1) Статусот на организациите од јавен интерес го определува Владата на Република Македонија по предлог на Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата од став (1) на овој член ја формира Владата на Република Македонија.

(3) Комисијата е составена од претседател и шест члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за здравство и Министерството за образование и наука, како и еден претставник од Агенцијата за млади и спорт.

(4) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.

11.7.1. Оценка: Добра

Очекувано постигнување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање приходи.

Забелешка: Поедноставно е статусот да го определува Комисијата, односно Комисијата да носи решение, а Владата да врши верификација. Потребно е усогласување со став 2 од член 89.

11.7.2. Амандман

Ставот (1) се менува и гласи: „За доделување на статус на организација од јавен интерес Владата на Република Македонија формира Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија) која донесува решенија по доставените барања од организациите“.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2). Во новиот став (2) зборот „шест“ се заменува со „десет“ и се дополнува со „два члена од други органи на државната управа и два члена од граѓанското општество“.

Се додава нов став (3) кој гласи „Членовите на Комисијата од органите на државната управа треба да бидат лицата одговорни за соработка со организациите во својот орган на државна управа. Членовите на Комисијата од граѓанско општество се избираат на јавен конкурс.“

Се додава нов став (5) кој гласи: „Владата на Република Македонија ги верификува решенијата на Комисијата од став (1) од овој член.“

Новиот член 79 гласи:

7. Определување на организации со статус од јавен интерес

Член 79

(1) За доделување на статус на организација од јавен интерес Владата на Република Македонија формира Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија) која донесува решенија по доставените барања од организациите.

(2) Комисијата е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, два члена од други органи на државната управа и два члена од граѓанското општество.

(3) *Членовите на Комисијата од органите на државната управа треба да бидат лицата одговорни за соработка со организациите во својот орган на државна управа. Членовите на Комисијата од граѓанско општество се избираат на јавен конкурс.*

(4) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.

(5) Владата на Република Македонија ги верификува решенијата на Комисијата од став (1) од овој член.

Образложение: *Со преформулација на одредбите Владата на Република Македонија го верификува решението за доделување на статус на организација од јавен интерес кое што го носи Комисијата. Предлогот е од практични причини за да не биде товарот на Владата и да не се претвори во тело кое што на секоја седница ќе расправа за доделување на статус од јавен интерес. Затоа потребно е во рамките на надлежностите на Комисијата да бидат исцрпени сите технички прашања, Комисијата да одлучува за исполнувањето на критериумите и своето мислење само на верификација да го достави до Владата.*

Меѓународната пракса покажува дека статусот од јавен интерес е пракса во западноевропските земји. Доделувањето на статусот со исклучок на В. Британија и Молдавија каде што постои независна комисија, е поврзано со судовите (Унгарија, Грција), органите одговорни за финансии и даноци (повеќето западноевропски земји), министерствата за правда (Бугарија), други државни органи во соработка со комисии. Таков е случајот во Латвија каде што статусот го дава Министерство за финансии со посредство на Комисија за јавен интерес. Во Полска ОЈИ се регистрираа во Централниот регистар на судот но со претходно мислење од Советот за дејности од јавен интерес или во Естонија каде што одреден улога има и Владата но и во овој случај по препорака на Експертски комитет составен само од претставници од граѓански организации именувани од страна на Министерството за финансии.

Со цел да бидат опфатени најголемиот дел од дејностите од јавен интерес предлагаме Комисијата да има поширок состав и да брои вкупно 11 членови. Имено, покрај веќе наведените органи на државната управа потребно е при формирање на Комисијата да се остави можност за проценка на Владата да вклучи уште два други органи на државната управа и двајца претставници од граѓанското општество. На пример како предлог да се вклучи друг орган на државната управа може да биде Генералниот секретаријат на Владата. Бидејќи со овој закон е предвидено административно-техничките работи да ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации, поради соодветен проток на информации добро е во Комисијата да биде застапен и член од овој орган на државната управа. Исто така поради дополнителните даночни ослободувања добро е да учествува и претставник на УЈП. Алтернатива е да претставникот на Министерството за финансии биде од УЈП или од соодветна даночна организациона единица. Исто така, на пример доколку се смета дека прашањето на

потрошувачите е важно, може член на Комисијата да има и од Министерство за економија и сл.

Дополнително, следејќи ја меѓународната пракса, а и поради потребата од поголема отчетност и објективност во одлучувањето предлагаме во Комисијата да има и двајца членови кои што ќе бидат од граѓанското општество.

Критериуми за избор на овие членови ќе треба да направи Владата.

Приоритет: **Висок**.

8. Надлежности на Комисијата

Член 80

(1) Комисијата ги врши следните работи:
- дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес;
- разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес;
- предлага поведување прекршочна постапка;
- го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година.

(2) Комисијата донесува деловник за својата работа.

(3) Извештајот од ставот (1) алинеја 4 Комисијата го објавува на својата веб страна.

10.8.1. Оценка. Многу добра
Очекувани подобрувања: Подобрена одрживост/мерки за генерирање ресурси
10.8.2. Амандман.
Во ставот (1) алинеја 1 зборот предлози се заменува со донесува решенија.
Во ставот (1) алинеја 2 делот од реченицата „и дава мислења“ се брише.

Новиот член 80 гласи:

8. Надлежности на Комисијата

Член 80

(1) Комисијата ги врши следните работи:
- *донесува решенија за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес;*
- *разгледува деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес;*
- *предлага поведување прекршочна постапка;*
- *го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година.*

(2) Комисијата донесува деловник за својата работа.

(3) Извештајот од ставот (1) алинеја 4 Комисијата го објавува на својата веб страна.

Образложение: *Поради усогласување со членот 79 зборот „предлози“ се заменува со „решенија“. Во однос на деловните извештаи Комисијата само ги разгледува, без потреба за давање мислење бидејќи не е јасно до кого се даваат тие мислења. Комисијата секако е овластена да поведува прекршочна постапка односно да одлучува за престанок на статусот од јавен интерес, па доколку воочи неправилности во однос на финансиското работење или организацијата не ги достави на време извештаите Комисијата има на располагање соодветни механизми. Исто така Комисијата подготвува годишен извештај за својата работа во кој може да се подготват сумарни анализи и мислења по одредени прашања вклучувајќи и за деловните и финансиските извештаи на организациите со статус од јавен интерес.*

Приоритет **Висок**.

9. Административно-технички работи

Член 81

(1) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

(2) Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации:

- подготвува предлози за доделување статус на организација од јавен интерес по доставено барање од страна на организациите:
- дава стручна и техничка помош на Комисијата во спроведувањето на нејзините активности;
- ги подготвува седниците на Комисијата;
- разгледува извештаи доставени од организациите со статус на јавен интерес и подготвува предлог до Комисијата за постапување по извештаите;
- одговара на прашања поставени од организациите со статус на јавен интерес и други заинтересирани лица;
- дава информации и совет за правните прашања што се однесуваат на организациите со статус на јавен интерес;
- доставува решение за доделување и одземање на статус од јавен интерес до Централниот регистар;
- одржува електронска база на податоци за работата на Комисијата и информација за регистрираните организации со статус на јавен интерес;
- ја следи работата на организациите со статус од јавен интерес;
- го објавува список на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес за претходната година; и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

11.9.1. Оценка. Многу добра

Очекувани подобрувања: Зголемена транспарентност.

10. Постапка за добивање на статус на организација од јавен интерес

Член 82

(1) Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Владата на Република Македонија преку Комисијата.

(2) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Комисијата ќе го повика подносителот на барањето и ќе му определи рок од 15 работни дена да постапи по укажувањето.

(3) Ако во рокот од ставот (2) на овој член, здружението или фондацијата не постапи по укажувањето, барањето ќе се смета дека не е поднесено.

11.10.1. Оценка. Добра

Очекувани подобрувања: Зголемена транспарентност

11.10.2. Амандман

Ставот (1) се менува и гласи: „ Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Комисијата“.

Новиот член 82 гласи:

10. Постапка за добивање на статус на организација од јавен интерес

Член 82

(1) Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Комисијата.

(2) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Комисијата ќе го повика подносителот на барањето и ќе му определи рок од 15 работни дена да постапи по укажувањето.

(3) Ако во рокот од ставот (2) на овој член, здружението или фондацијата не постапи по укажувањето, барањето ќе се смета дека не е поднесено.

Образложение: *Поради практични причини барањето потребно е да се достави директно до Комисијата бидејќи првично Комисијата треба да го провери задоволувањето на техничките критериуми (комплетираност на барањето). Алтернатива е и директна достава на барањето до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации како служба која што ги врши административно-техничките работи на Комисијата.*

Приоритет: **Висок**.

11. Право на тужба

Член 83

(1) Владата на Република Македонија донесува решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(2) Против решението на Владата на Република Македонија, може да се поведе управен спор.

(3) Управниот суд по тужбата одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на тужбата.

11.11.1. Оценка: Добра

Очекувани подобрувања: Подобрена одржливост/мерки за генерирање ресурси.

Забелешка: Поради ефикасност и поради запазување на предвидениот рок во став (3) потребно е примарната улога во проценката и одлучувањето да ја има Комисијата, додека Владата само да го верификува решението на Комисијата (како што е објаснето во член 79)

11.11.2. Амандман

Новиот член 83 гласи:

Член 83

(1) Комисијата донесува решение, а Владата на Република Македонија го верификува, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(2) Против решението за одбивање на барањето за добивање на статус организација од јавен интерес може да се поведе управен спор.

(3) Управниот суд по тужбата одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на тужбата.

Образложение: *Усогласување со решението предложено во член 83. Ставот (2) се менува да се појасни дека правото на управен спор е во случај на одбивање на барањето.*

Приоритет: **Висок**.

12. Промени кои се забележуваат во Регистарот

Член 84

Ако организациите го изменат актот за основање, или статутот со што би се изгубил статусот на здружение и фондација од јавен интерес, или други промени кои се забележуваат во регистарот должни се да ја известат Комисијата во рок од 30 дена по извршената промена.

11.12.1 Оценка. Многу добра

Очекувани подобрувања: Зголемена транспарентност.

13. Извештаи

Член 85

(1) Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување, а најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Образецот за формата и содржината на извештаите од став (1) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.

11.13.1. Оценка: Незадоволителна.

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

11.13.2 Амандман

Во став (1) делот од реченицата *„...за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување..“* се менува со *„за својата работа до Комисијата за усвојување..“*

Во ставот (1) делот од реченицата „..најдоцна до 31 март..“ се заменува со: *„..најдоцна до 30 јуни.“*.

Новиот член 85 гласи:

13. Извештаи

Член 85

(1) Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Комисијата за усвојување, а најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.

(2) Образецот за формата и содржината на извештаите од став (1) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.

***Образложение:** Комисијата треба да биде органот во чиј делокруг спаѓа оваа надлежност, како и повеќето други надлежности. Годишно доставување на извештаите и нивно усвојување од страна на Владата, ќе ја претвори Владата во оперативно тело и ќе предизвика поголем административен проблем.*

Се предлага поместување на рокот од 31 март на 30 јуни, бидејќи рокот до 31 март е прекраток за доставување на финансиски извештаи, кои во одреден број случаи треба да бидат ревидирани од ревизорска куќа. Потврда за тоа е дека со соодветните закони банки се задолжени да ги објават своите извештаи до 15 мај, а акционерските друштва до 30 јуни. Со рок до 31 март, организациите се стават во неедначква положба во однос на далеку помоќни институции како банки и акционерски друштва.

Приоритет: **Висок**.

14. Ревизија

Член 86

(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

(2) Извештајот за ревизијата од став (1) на овој член се поднесува заедно со извештајот од член 77 став (2) алинеја 4 од овој закон, најмалку еднаш годишно.

11.14.1 Оценка: Задоволителна

Очекувано подобрување: Придонес кон доброто управување. Зголемена транспарентност.

11.14.2. Амандман:

Во ставот (1) износите на буџетите од 10.000 и 100.000 евра се зголемуваат на 50.000 и 200.000 евра. Ставот (1) се менува и гласи „(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 200.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат ревизија на финансиски извештаи изготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување“.

Во ставот 2 делот од реченицата „заедно со извештајот од член 77 став (2) алинеја 4 од овој закон“ се брише.

Новиот член 86 гласи:

14. Ревизија

Член 86

(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 200.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат

независна годишна ревизија на финансиските извештаи изготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување.

(2) Извештајот за ревизијата од став (1) на овој член заедно со извештајот од член 85 се поднесува најмалку еднаш годишно.

Образложение: *Оваа одредба е многу значајна за транспарентноста на организациите и е битен чекор во зголемувањето на довербата во нив. Независните ревизии треба да се гледаат не само како товар за организациите, туку и како можност за добро управување и зголемена транспарентност. Зголемена транспарентност треба да биде брана од ризикот на корупција во граѓанските организации, посебно од наплив на ГОНГО, како што покажува примерот на Бугарија.*

Сепак износот на буџетите за кој е потребна ревизија е пренизок и ќе претставува финансиски товар за организациите и како цена на ревизија и како трошок за постигнување на стандарди посебно според ИФРС стандарди. Најниската цена за ревизија изнесува околу 500 Евра. На буџет од 10.000 Евра тоа изнесува 5%. Овие 5% се фиксен или индиректен расход што ќе претставува големо оптоварување. Во пракса прифатливо оптоварување за ревизија изнесува 2-3%. Во корелација со најниската цена буџетот треба да изнесува 50.000 Евра за да биде економски оправдана ревизијата. За примена на ИФРС стандарди сметаме дека буџетот треба да изнесува 200.000 Евра.

*Во други земји има различни искуства. Во Велика Британија обврската за надворешна контрола од „надворешен истражувач", но не ревизор започнува од 10.000 ГБП. Обврските за ревизија започнуваат од 100.000 односно 250.000 ГБП (*Charity Commission, 2009). *Во Република Ирска обврската за ревизија е за буџети над 100.000 Евра (ЕФЦ, 2007). Во Бугарија обврска за ревизија имаат фондациите со 1 милион Евра буџет (ЕФЦ, 2008).*

Врз основа на споредбени информации, состојбата во земјата (пр. износ на приходи со кој се станува даночен обврзник), спремноста на донаторите да ги покријат трошоците за ревизија и сл. предлагаме подигнување на износот на буџетите.

Македонија ги применува меѓународните сметководствени стандарди во домашните прописи. Затоа треба да се прецизира дека за организациите со повисоки буџети ќе треба да ги исполнат повисоките стандарди – меѓународните стандарди за финансиско известување

Промената во ставот (2) е направена поради промените кои што се предложени во член 77. Извештајот од ревизијата треба да биде составен дел на финансискиот извештај на организациите со статус од јавен интерес и да се достави до Комисијата.

Приоритет: **Висок**.

15. Јавност на извештаите

Член 87

Извештаите од членовите 85 и 86 од овој закон се јавни и се објавуваат на веб страната на организацијата со статус од јавен интерес до 31 март во тековната година за претходната година.

11.15.1 Оценка: Задоволителна

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

11.15.2. Амандман:

Делот од одредбата кој гласи *„најдоцна до 31 март"* се заменува со: *„најдоцна до 30 јуни".*

Новиот член 87 гласи:

15.Јавност на извештаите

Член 87

Извештаите од членовите 85 и 86 од овој закон се јавни и се објавуваат на веб страната на организацијата со статус од јавен интерес до 30 јуни во тековната година за претходната година.

Образложение: *Како и образложението за член 85.*

Приоритет: **Висок**.

16. Олеснувања

Член 88

Организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и царински олеснувања утврдени во член 7 став (2) на овој закон имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон.

11.16.1. Оценка: Задоволителна.

Очекувано подобрување: Подобрена одржливост/мерки за генерирање ресурси.

11.15.2. Потребни измени/Забелешка

Потребно е усогласување на овој член со членот 7 за да се направи разлика во олеснувањата за организациите со статус од јавен интерес и другите организации.

Приоритет: **Висок**.

17. Престанок на статус од јавен интерес

Член 89

(1) Статусот на организација од јавен интерес престанува:

- по барање на здружението или фондацијата;
- кога престанала да ги исполнува условите што се потребни за добивање на статусот организација од јавен интерес;
- ако не формира надзорен одбор и не постапува согласно статутот;
- ако не поднесе извештај во роковите определени со овој закон;
- ако не поднесе ревизиски извештај во роковите согласно овој закон; и
- со своето работење не го одразува јавниот интерес за кој го добила статусот.

(2) Комисијата донесува решение за престанок на статусот од јавен интерес.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4) Организациите од јавен интерес на кои им престанал статусот на организации од јавен интерес се должни во рок од 30 дена до Комисијата да достават извештај за периодот од последниот извештај до моментот на престанокот на статусот.

11.17.1. Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

11.17.2 Амандман:

Потребно е усогласување на став (2) со член 79 и 80.

По ставот (1) се додава нов став (2) „Комисијата пред да донесе решение за престанок на статус на организација од јавен интерес, ја известува организацијата за забелешки во однос на алинеите 2 – 5 и одредува рок од 30 дена за нивно отстранување. Доколку организацијата не ги отстрани забелешките во наведениот рок, Комисијата донесува решение за престанок“. Ставот (2) станува став (3), ставот (3) станува став (4), а ставот (4) станува став (5).

Новиот член 89 гласи:

17. Престанок на статус од јавен интерес

Член 89

(1) Статусот на организација од јавен интерес престанува:

- *по барање на здружението или фондацијата;*
- *кога престанала да ги исполнува условите што се потребни за добивање на статусот организација од јавен интерес;*
- *ако не формира надзорен одбор и не постапува согласно статутот;*
- *ако не поднесе извештај во роковите определени со овој закон;*
- *ако не поднесе ревизиски извештај во роковите согласно овој закон; и*
- *со своето работење не го одразува јавниот интерес за кој го добила статусот.*

(2) *Комисијата пред да донесе решение за престанок на статус на организација од јавен интерес, ја известува организацијата за забелешки во однос на алинеиите 2 – 5 и*

одредува рок од 30 дена за нивно отстранување. Доколку организацијата не ги отстрани забелешките во наведениот рок, Комисијата донесува решение за престанок.

(3) Решението за престанок на статусот на организација од јавен интерес кое го донесува Комисијата се верификува од страна на Владата на Република Македонија.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Организациите од јавен интерес на кои им престанал статусот на организации од јавен интерес се должни во рок од 30 дена до Комисијата да достават извештај за периодот од последниот извештај до моментот на престанокот на статусот.

Приоритет: **Висок**.

ГЛАВА XII. ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

Член 90

(1) На организациите може да им се довери вршење на јавно овластување, со пренесување на надлежности од орган на државна управа, од орган на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други органи кои имаат јавни овластувања, во согласност со закон.

(2) Јавното овластување од став (1) на овој член се доверува врз основа на програма на организацијата на начин и постапка за доверување на вршењето на јавното овластување, по објавен јавен повик во средствата за јавно информирање.

(3) Критериумите, начинот и постапката на доверување на вршењето на јавното овластување се утврдуваат со закон од соодветната област.

(4) На организациите може да им биде одземено вршењето на јавното овластување, поради злоупотреба или не вршење на довереното овластување на начин и во постапка утврдена со закон.

11.17.1. Оценка. Многу добра.

Очекувано подобрување: Подобрување на одрживоста/генерирање на ресурси. Зголемена транспарентност. Одредби за јавни овластувања има и во постоечкиот закон. Сега тие се прошируваат на општините, а доделувањето е потранспарентно со јавен повик.

Забелешка: Транспарентноста може дополнително да се подобри со објавување на јавните овластувања на интернет страната на соодветниот државен орган.

Пр. „(4) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата интернет страна ги објавуваат организациите кои ги добиле јавните овластувања од ставот (1) од овој член.“

ГЛАВА XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 91

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која врши дејност која не е во согласност со нејзините цели утврдени со статутот од член 18 и 31 од овој закон.

Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 92

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која во правниот промет не го користи името кое согласно член 41 од овој закон е запишано во Регистарот.

Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

Член 93

(1) Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на застапникот ако во рокот од триесет дена утврден во член 46 од овој закон не поднесе пријава до Регистарот за запишување на промените.

(2)Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од став (1) на овој член ќе се изрече и на организацијата.

Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Засновани на постоечкиот ЗЗГФ (делумно).

Член 93а

Амандман:

По членот 93 да се додаде нов член кој ќе гласи:
„Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на орган на државната управа, на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје кои на својата веб – страна не ги објават организациите кои добиле средствата како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства согласно членот 49 од овој закон".

Образложение: *Потребно дополнувањето поради транспарентност и одговорност на органите на државната управа и општините за доделените средства на организациите.*
Приоритет: **Висок**.

Член 94

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која средствата на организацијата не ги користи во согласно со член 50 од овој закон.

Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

Член 95

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која не ги објавува извештаите за финансиското работење согласно член 53 од овој закон.

Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

Член 96

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која нема да ја извести Комисијата, за промените од член 84 на овој закон.

Оценка: Добра
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност.

Член 97

(1) Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес ако не поднесе наративен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе и се изрече и на организација.

Оценка: Задоволителна
Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Основната идеја на оваа одредба е санкционирање на нетранспарентност и пред се одговорност на застапниците односно директорите на организациите, меѓутоа може да се случат сериозни проблеми во примената на законот доколку не се направи измена на рокот предвиден во член 85. Исто така, постои големо дискрециono право за определување на глобата која може да се движи во рамки од 300 до 3.000 евра.

Амандман:
Ставот (1) се менува и гласи: *„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со*

статус од јавен интерес која има годишен буџет до 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон".

По ставот (1) се додава став (2) кој гласи: *„Глоба во износ од 500 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет над 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон".*

Ставот (2) станува став (3).

Новиот член 97 гласи:

Член 97

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет до 200.000 евра *ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.*

(2) Глоба во износ од 500 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет над 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон

(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе и се изрече и на организација.

Образложение: *Бидејќи распонот на минимумот и максимумот на глобата е многу голем, сметаме дека истиот треба да се подели во зависност од големината на организацијата односно од нејзиниот годишен буџет. Потребна е пропорционалност на глобите со буџетите на организациите од јавен интерес. Преголемо оптоварување е за организацијата која има буџет на пр. 20.000 евра да плати глоба од 3.000 евра (што е 15% од буџетот). Од друга стана за поголемите организации на пример со буџет од 200.000 евра, глоба од 3.000 евра ќе биде 1,5% од вкупниот буџет. Ваквата ситуација е неправична.*

Приоритет: **Висок**.

Член 98

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата со статус од јавен интерес ако не изврши годишна ревизија на своето финансиско работење и не поднесе извештај согласно член 86 од овој закон.

Оценка: Задоволителна.

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Основната идеја на оваа одредба е санкционирање на финансиската неотчетност на организациите, меѓутоа може да се случат сериозни проблеми во примената на законот доколку не се направи измена на рокот предвиден во член 87, како и измена на предвидените годишни буџети како основи за ревизија.

Член 99

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата со статус од јавен интерес ако не ги објави извештаите согласно член 87 од овој закон.

Оценка: Задоволителна

Очекувано подобрување: Зголемена транспарентност. Основната идеја на оваа одредба е санкционирање на финансиската неотчетност на организациите, меѓутоа може да се случат сериозни проблеми во примената на законот доколку не се направи измена на рокот предвиден во член 87.

Член 100

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организација со статус од јавен интерес ако во рок од триесет дена не достави извештај до Комисијата согласно член 89 став (4) од овој закон.

Оценка: Добра

Очекувано подобрување. Зголемена транспарентност.

Член 101

Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка на сторителот за прекршок ќе му се понуди порамнување од Министерството за финансии како надлежен орган за контрола на финансиското работење на организациите.

Оценка. Многу добра

Очекувано подобрување: Намалување на товарот и пречките за остварување на слободата на здружување.

XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 102

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се донесат подзаконските акти утврдени со овој закон.

Оценка. Добра

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

14.1.2 Амандман:

Членот се дополнува со два нови става (2) и (3) кои гласат:

(2) Во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи законот со кој се уредуваат донации и спонзорства со одредбите на овој закон.

(3) Во рок од дваесет и четири месеци од денот на влегување во на овој закон ќе се утврдат со законите кои се уредуваат, дополнителните даночни и царински олеснувања согласно со член 88 од овој закон.

Новиот член 102 гласи

Член 102

(1) Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се донесат подзаконските акти утврдени со овој закон.

(2) Во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи законот со кој се уредуваат донации и спонзорства со одредбите на овој закон.

(3) Во рок од дваесет и четири месеци од денот на влегување на овој закон ќе се утврдат со законите кои се уредуваат, дополнителните даночни и царински олеснувања согласно со член 88 од овој закон.

Образложение:

Со законот за донации и спонзорства се уредуваат меѓу другото и подрачјата од јавен интерес, како и други прашања. Кога тој закон е донесен не постоеја одредби за статус на организација од јавен интерес. Сега бидејќи ЗЗФ е основен закон, законот за донации и спонзорства треба да се усогласи со одредбите на овој закон.

Со членот 88 се утврдуваат дополнителните даночни и царински олеснувања за организациите од јавен интерес. Потребна е временска рамка во која овие дополнителни олеснувања ќе се одредат во соодветните даночни и царински закони.

Приоритет: **Висок.**

Член 103

Започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон.

Оценка: Добра

Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 104

(1)Организациите се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат актите со овој закон и да извршат пререгистрација во Регистарот.

(2) За организациите кои биле запишани во Регистарот, пререгистрацијата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се врши без плаќање на такса или друг вид на надоместок.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 105

Имотот и средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани добиен на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници се државна сопственост.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 106

(1)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп, доколку се користи за целите и задачите на здружението на граѓани согласно со закон.

(2)Имотот од став (1) на овој член не може да биде предмет на издавање во под закуп од страна на закупецот-организацијата.

(3)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија формирани за хуманитарни цели ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп без надомест, доколку тој се користи за целите и задачите на здружението на граѓани.

(4)Закупниот однос меѓу здружението на граѓани и државата се уредува со договор согласно со закон.

(5)Договорот за закуп во име на државата го склучува органот на државната управа определен со закон.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 107

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се формира Комисијата од член 79 став (2) од овој закон.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на законот.

Член 108

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Регистарот е должен да го усогласи водењето на регистрите утврдени со член 40 став (1) од овој закон.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на законот.

Член 109

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98 и 29/07).

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.

Член 110

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од глава XI – Статус на организации од јавен интерес кои ќе отпочнат да се применуваат шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Оценка. Добра
Очекувано подобрување: Засновано на постоечкиот ЗЗГФ.